- Согласно член 9 од **Законот за заштита од пожари** (Сл.весник на РМ бр. 43/86), во процесот на просторно и урбанистичко планирање и проектирање се води сметка за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на појава на пожари. Согласно кон изнесеното предвидени се следните Плански мерки за заштита од пожар:
  Сообраќајното решение и начинот на кој треба да се предвиди изграба на објектите треба да овозможи пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
  Сообраќајниците се со доволна ширина и со задоволувачки осовински притисок што овозможува непречено и брзо движење на противпожарни возила.
- Во Охрид се наоѓа противпожарна единица која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар. Времето кое е потребно за пристигнување на противпожарното возило е најмногу 10 минути до секој објект во рамките на опфатот на градот.

- Со Планот за водоводна инфраструктура -дел од овој ГУП - предвидена е мрежа на надземни и подземни пожарни хидранти за снабдување на противпожарните возила со вода за гасење на пожар.

3. БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ НА ГРАДОТ ВО ПЛАНИРАНИ ГРАНИЦИ

Содржина	Површина Ха	Учество %
Домување	**744.64**	**58.25**
• **Домување**	465.63	
• **Домување со терцијални дејности**	187.85	
• **Домување со хотелиерство**	91.16	
Општествен стандард	**50.29**	**3,93**
• **Образование**	10.46	
• **Наука**	1,78	
• **Здравство**	9,04	
• **Социјална заштита**	11.81	
• **Култура**	3.71	
• **Духовна култура**	3.41	
• **Локален центар**	9.83	
• **Археолошки локалитет**	0.25	
Државна управа, правосудство Локална самоуправа	**3,89**	**0,30**
Стопанство	**165.13**	**12,92**
• **Примарен сектор**	10.70	
• **Секундарен сектор**	40.46	
• **Терцијарен сектор**	40.44	
• **Мало стопанство**	26.93	
• **Хотелиерство, угостителство**	21.48	
• **Специјална намена**	25.12	
Зеленило, спорт и рекреација	**138.31**	**10.82**
- специјално зеленило-Блато	51.55	
- јавно зеленило	21.75	
-заштитно зеленило	48.54	
• **спорт и рекреација**	16.47	
Сообраќај и сообраќајна инфраструктура	**147.38**	**11.53**
• **улици и тротоари**	141.13	
• **пешачки улици и плоштади**		
• **катна гаража**	0,18	
• **автобуски терминали**	2.36	
• **бензински станици**	2,45	
• **ЈП за патишта Македонија-пат**	1.26	
Комунална инфраструктура	**28,75**	**2,25**
• **комунални дејности**	2.10	
• **градско пазариште**	0.72	
• **градски гробишта**	16,65	
• **топлана**	1,53	
• **електро системи**	1.26	
• **комуникацијски системи**	0,38	
• **реки**	6.11	
ВКУПНО	**1.283.39**	**100,00**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ОХРИД

Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште
Одделение за просторно и урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината

Број: 19-6356/5 од 26.12.2016 год

Детален урбанистички план за
Урбан модул 5 во ПЦГП - Охрид
2003-2008, Општина Охрид
Одлука бр: 07-994/7 од 14.09.2004 год.
Размер: 1: 500

ИЗВОД на Детален урбанистички план за Урбан модул 5 во ПЦГП – Охрид 2003-2008

СОДРЖИ:

1. **Графички дел:**
   - Заверена копија од Синтезен приказ – намена на земјиштето со граница на плански опфат, табеларен приказ и легенда.
   - Заверена копија од Синтезен приказ – план на сообраќајна мрежа со нивелман со граница на плански опфат, карактеристични попречни профили и нивелмански план.
   - Заверена копија од Синтезен приказ – фекална и атмосферска канализација со легенда.
   - Заверена копија од Синтезен приказ – електрика и телефонија со легенда.

2. **Текстуален дел:**
   - Заверена копија од:
     - плански решенија за уредување на опфатениот простор
     - параметри за уредување на просторот
     - биланси показатели

Изготвил:
Мимоза Лошкоска Миноска, дна

Контролирал:
Раководител на одделение
Татјана Стојческа, дна

Одобрил :
Помошник раководител на Сектор,
Бранко Арнаудовски, дна

Градоначалник,
др - Никола Бакрачески

Република Македонија * Општина Охрид * Градоначалник на општина 2



БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

УРБАН МОДУЛ 5 ВО ПЦГП - ОХРИД

У.П.	ПОВРШИНА НА УРБАНИСТИЧКА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ НА ПАРЦЕЛА	ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА БРУТО	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	КЛАСА НА НАМЕНА	ВИСИНА НА ВЕНЕЦ
број	*м²*	*м²*	*%*	*м²*	*к*		*м'*
5.1	526.45	161.46	30.67	645.84	1.23	SK	V=10.20
5.2	276.89	110.70	39.98	442.80	1.60	SK	V=10.20
5.3	630.81	252.00	39.95	1008.00	1.59	SK	V=10.20
5.4	546.92	218.90	40.00	875.60	1.60	SK	V=10.20
5.5	837.02	254.68	30.43	1018.72	1.22	SK	V=10.20
5.6	404.16	161.35	39.92	645.40	1.59	SK	V=10.20
5.7	420.32	161.35	38.39	645.40	1.54	SK	V=10.20
5.8	788.18	272.00	34.51	1088.00	1.38	SK	V=10.20
5.9	357.91	180.40	50.40	541.20	1.51	SK	V=9.20
5.10	764.89	243.65	31.85	974.60	1.27	SK	V=10.20
5.11	663.23	259.00	39.05	1036.00	1.56	SK	V=10.20
5.12	700.61	259.00	36.97	1036.00	1.48	SK	V=10.20
5.13	218.66	87.40	39.97	349.60	1.60	SK	V=10.20
5.14	401.21	120.50	30.03	482.00	1.20	SK	V=10.20
5.15	358.14	122.20	34.12	488.80	1.36	SK	V=10.20
5.16	237.78	61.30	25.78	245.20	1.03	SK	V=10.20
5.17	556.30	192.50	34.60	770.00	1.38	SK	V=10.20
5.18	199.77	79.30	39.69	317.20	1.59	SK	V=10.20
5.19	329.95	132.00	40.00	528.00	1.60	SK	V=10.20
вкупно	9219.20	3329.69	r=36.12%		k=1.44		

СТРУКТУРА НА ПОВРШИНИ

	површина (м2)	*проценти (%)*
коловоз	1690.71	14.18
тротоари	856.12	7.18
јавно зеленило	159.03	1.33
површина на урбанистички парцели	9219.20	77.31
Вкупно	11925.06	100.00



ЛЕГЕНДА

СК	СЕМЕЈНА КУЌА
5.1-5.19	БРОЈ НА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА И УРБАНИСТИЧКА ПАРЦЕЛА
B=10.2	ВИСИНА НА ОБЈЕКТОТ ДО ВЕНЕЦОТ (ВО МЕТРИ)
СК	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
	ПОВРШИНА НА УРБАНИСТИЧКА ПАРЦЕЛА
	СООБРАЌАЈНИЦА
	ТРОТОАР
З	ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО



КООРДИНАТИ И ВИСИНСКИ КОТИ

Т	У	Х	Кт	Кн
1	7484174.43	4551904.72	695.68	695.80
2	7484235.58	4551966.99	696.18	696.50
3	7484102.38	4552057.75	696.06	696.20
4	7484060.37	4552007.36	695.78	696.10

КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ



НАПОМЕНА: *поради тоа што теренот е равен одводнувањето на атмосферската вода ќе се врши со попречни падови на сообраќајниците*

ГРАНИЦИ

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА УРБАНИСТИЧКА ПАРЦЕЛА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА





ГРАНИЦИ

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА УРБАНИСТИЧКА ПАРЦЕЛА
- ГЛ ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- РЛ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ПЛАН ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ
ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

- ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- НОВОПРОЕКТИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ПОЖАРЕН ХИДРАНТ
- ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- НОВОПРОЕКТИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- НОВОПРОЕКТИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА



ГРАНИЦИ

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА УРБАНИСТИЧКА ПАРЦЕЛА
- ГЛ ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- РЛ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ЕЛЕКТРИКА И ТЕЛЕФОНИЈА

Постојна состојба

- РАЗВОДЕН ОРМАР НКРО-4
- МЕТАЛЕН СТОЛБ Н=8-10м, СВЕТИЛКА СО СИЈАЛИЦА ОД 400W(250W) VTFE
- ТЕЛЕФОНСКИ РАЗВОДЕН ОРМАР

Планирана состојба

- МЕТАЛЕН СТОЛБ Н=8-10м, СВЕТИЛКА СО СИЈАЛИЦА ОД 250W VTFE



1. ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОПФАТЕНИОТ ПРОСТОР

1.1. Граница на опфатениот простор

Урбаниот модул се наоѓа во Поширокото Централно Градско Подрачје во Охрид непосредно до ракометното игралиште односно северно од католичката црква.

Границите на Урбаниот модул се:

од северозапад: осовината на улицата 106 во должина од162м постојна улица,

од југоисток: осовината на улица Јане Сандански во должина од 87.5м,

од североисток: осовината на улицата107 во должина од 63.5 м ,

од југо-запад: по осовината на улица Партизанска во должина од 153 м,

Вкупната површина на опфатот изнесува 11 925.06 м2 или 1.19 Ха, во кој се опфатени 19 урбанистички парцели.

Во графичкиот прилог 3. **Постојна состојба** означени се и границите на овој урбан модул .

Целта на овој ДУП е да во опфатениот простор што се реализирал по до сега изработените детални урбанистички планови - се создаде потребна хармонија на содржини и форми и да се корегираат несогласувањата помеѓу постојната имотно - правна состојба и планираната урбанистичка парцелација при што обврзно ќе се применат сите важечки стандарди и нормативи во планирањето на просторот и инфраструктурните системи.

1.2. Организација на опфатениот простор

Овој урбан модул со своите природни квалитети може да се вброи во редот на поатрактивните простори на Охридското крајбрежје.

Планирањето на содржините на овој дел од просторот базирано е врз постојниот ДУП како и врз база на ОУП за Охрид според кој овој Урбан модул спаѓа во зоната за индивидуално домување. Долж улицата ,, Партизанска,, постои зелен заштитен појас кој се задржува и во планираната состојба како јавно зеленило, а додека пак како заштитно зеленило се третира зеленилото во самите урбанистички парцели , во кој појас не се дозволува градба. Во третираниот урбан модул планирани се вкупно 19 урбанистички парцели во кои се предвидуваат површини за градба на 19 семејни куќи со градини .

Сите урбанистички парцели (У.П.)во графичките прилози означени се со бројки од 1 до 19 се со една содржина - домување, а во приземјата деловни простори .

Сите урбанистички парцели се во рамките на постојната катастарска парцелација со што ќе се разрешат многубројните проблеми и соседски недоразбирања.

Површините на урбанистичките парцели во овој урбан модул се движат од 199.77 м2 (најмалата) до 837.02 м2 (најголемата), површините за градба од 61.30м2 до 272.00 м2 во основа, а објектите се со висина од 9.20 до мах. 10.20м . Сите површини на урбанистичките парцели се во рамките на напатствијата од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот .

Процентите на изграденоста на парцелите се запазени , исто така и коефициентите на искористеноста на земјиштето, со што се гарантира висок стандард на живеење во нив, што впрочем, е примерено на високиот квалитет на просторот.

Објектите имаат современ третман во однос на архитектурата и примената на градежни материјали.

Во третираниот урбан модул планирани се вкупно 19 урбанистички парцели.На сите урбанистички парцели се предвидува или надградба или нови површини за градба освен на една која останува без промени.

Сите урбанистички парцели (У.П.) означени се со бројки од 1 до 20 и се со следните содржини:

- на у.п. 1 површината за градба е непроменета меѓутоа се дава надградба до висина од 10.20м , а додека пак у.п. 2 е постоен објект и останува без промени.
- на у.п. 3 и 4 се планираат нови површини за градба со висина до 10.20м .
- на у.п. 5 се предвидува нова површина за градба предвидена и со претходниот ДУП само што со овој ДУП се дава висина до 10.20м.
- на у.п. 6 и 7 се предвидени нови површини за градба согласно претходното урбанистичко решение и се дава висина до 10.20м .
- на у.п. 8 се предвидени нови површини за градба со висина до 10.20м.
- на у.п. 9 предвидена е нова површина за градба и висина до 9.20м
- на у.п. 10, 11, 12,13,14, се предвидени нови површина за градба со висина до 10.20м.
- на у.п. 15 се задржува габаритот, а се дава висина до 10.20м.
- на у.п. 16 и 17 се задржува габаритот и се дава висина до 10.20м.
- на у.п. 18 се предвидува нова површина за градба со висината до 10.20м
- на у.п.19 се задржува габаритот на објектите се дава висина до 10.20м.

Сите урбанистички парцели се во рамките на постојната катастарска парцелација. Висините на постојните објекти се дадени со катност, а сите интервенции и висините на новите површини за градба се дефинирани бројчано од партерот на парцелата или тротоарот до висината на завршниот венец до мах 10.20м.

Сите површини на урбанистичките парцели се во рамките на напатствата од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл.весник на РМ 2/02).
Процентите на изграденост на парцелите се движи во рамките на дозволените, а исто така и коефициентите на искористеност на земјиштето.

Во графичкиот прилог бр. 2 прикажани се диспозициите на урбанистичките парцели во рамките на оваа зона, диспозицијата на површините за градба - габаритите во однос на пристапните улици и соседните објекти и нивниот меѓусебен однос, при што може да се забележи дека истите ги пратат регулационите линии како и висините на постојните објекти, со што се обезбедува максимално вклопување на предвидените објекти во постојното опкружување.

Објектите имаат современ третман во однос на архитектурата и примената на градежни материјали.

1. 3. Слободни зелени површини

Постојната состојба и програмските барања на опфатот не даваат можност за поголеми зелени површини од јавен карактер. Освен дрворедот долж сообраќајницата на улица Партизанска кој постои, а и се задржува и во планираната состојба. Основното зеленило го чинат зелените површини на индивидуалните градини.

1.4.Инфраструктурни системи

- **Водовод**

Со планирањето на овој простор неопходно е да се обноват приклучоците со поголем профил исто така е предвидено по ул.106 да се обнови постојниот цевовод со профил Ф 2 како би се задоволиле новите потреби. За другите објекти потребно ќе биде обнова на приклучоците односно нивна замена со поголеми профили.

- **Фекална канализација**

Просторот е доволно покриен со инсталации од фекална канализација ,така да истите ќе ги покријат и новите потреби.

- **Атмосферска канализација**

Атмосферската канализација предвидено е проширување на постојната мрежа со два нови цевоводи по ул.107 цевовод Ф 300 и по ул.106. цевовод со профил Ф 250. Делумно постојните сливници да се дополнат на ул.106 и ул.107.
За изведба на новата мрежа предвидено е за водоводната челични поцинковани профили.За фекалната и атмосферската канализација ПВЦ канализациони цеви за улична канализација.

- **Електроенергетски развод**

Електричната мрежа треба да се димензионира спрема следните електро енергетски параметри:

- едновремена снага за просечен стан P′e = 13,3 KW
- коефициент на едновременост
- за бесконечен број на станови fn = 0,15
- едновремена снага за просечен стан за затоплување P′′ e = 2,0 KW
- коефициент на едновременост во бесконачен број на станови f ′′ = 0,9
- коефициент на едновременост за група од ″ n ″ станови се пресметува:

$$f'n = f\sim' + (1- f'\sim)\, 1/\sqrt{n}$$
$$f''n = fn''\sim + (1-f\sim'')1/\sqrt{n}$$

f′n i fn″ коефициент на едновременост на група од ″n″ станови
n = број на станови.
Вкупната едновремена снага за ″n″ станови се пресметува:

$$P'en = fn'' \times n \times P'e$$
$$P''en = fn'' \times n \times P''e$$

Во урбаниот модул што е предмет на измена и дополна на ДУП во однос на претходно изготвените ДУП предвидени се мали измени само во однос на проширување на габарити на индивидуални станбени објекти. Во урбаниот модул има околу 19 семејни куќи со градини. Вкупната едновремена електрична снага за станбените објекти во урбаниот модул изнесува Pe = 127,32 KW

Со оглед на тоа да во урбаниот модул постои изградена н.н. електрична мрежа, е во добра состојба ги задоволува потребите на едновремена електрична снага за

становите, па од тоа произлегува нема потреба од изградба на нова ниско напонска електрична мрежа.

- **Улично осветлување**

Во урбаниот модул сообраќајниците во поглед на светлотехнички карактеристики, се класифицираат во следните класи на сообраќајници и следните светлотехнички параметри:

Класа "В-1" градски сообраќајници

- сјајност на коловозот	Lm = 1,5 cd/м2
- просечна рамномерност на осветлувањето	Jlm = 40%
- висина на постаување на светилките	H = 8-10 м.
- светлосен извор	Na VT 400 W
- меѓусебно растојание	20-25 м.
- начин на поставување	едноредeн

Класа "С- (В-2)1" градски сообраќајници

- сјајност на коловозот	Lm = 1,5 cd/м2
- просечна рамномерност на осветлувањето	Jlm = 40%
- висина на постаување на светилките	H = 8-10 м.
- светлосен извор	Na VT (VTFE) 250 W
- начин на поставување	едноредeн
- меѓусебно растојание	20-25 м.

- **Телефонска мрежа**

Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот стан - телефон.

2. ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

2.1. Уредување на зоната за домување

Во зоната за домување определена во графичкиот прилог ќе се врши изградба, доградба, надградба и реконструкција на објектите, а условите за градба ќе ги определува ПЕ на Министерството за транспорт и врски врз основ на овој ДУП. Урбано-санациони мерки нема да се дозволат бидејќи за сите постојни објекти во рамките на опфатот се предвидуваат урбанистички интервенции со кои трајно ќе се подобри квалитетот на постојните стари објекти.

- **Градежна линија**

Во зоната за домување при планирање на нови објекти за домување, доградба или надградба на постојните објекти,минималното растојание од најистурениот дел на планиран објект освен стреа, до границата на соседните урбанистички парцели односно до тротоарот на сообраќајницата изнесува 1/4од планираната висина , но не помалку од 1.2м.

- **Висина на објектите**

Висината на семејните куќи се утврдува до мах. 10,2 м. од теренот до стреата, односно венецот на кровот.

- **Големина на урбанистичката парцела**

Границите на урбанистичките парцели определени се со постојната имотно-правна состојба, а површините на парцелите се движат од мин. движи од 199.77 м2 (најмалата)која е во низ до 837.02 м2 (најголемата), што е во рамките на препораките на Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот.

- **Процент на изграденост на урбанистичката парцела**

Процентите на изграденост на 19 опфатени урбанистички парцели се под максимално дозволениот за ваков вид на објекти - 60%, со што ќе се создадат услови за партерно уредување на голем дел од површината на урбанистичката парцела.

- **Коефициент на искористеност на урбанистичката парцела**

Коефициентите на искористеност на опфатените урбанистички парцели се под максимално дозволениот за ваков вид на објекти од 1,6, а тоа значи дека предвидените бруто изградени површини, односно максималните висини, се во оптимален сооднос со површината на парцелата.

2.2. Уредување на урбаниот модул

Под уредување на урбаниот модул се подразбираат сите интервенции со кои ќе се подобрат условите за живеење за сите негови жители, односно уредување на заедничките содржини : јавното зеленило и колско-пешачките патеки. Истите ќе треба да се уредат во се според овој ДУП, а површините за јавното зеленило ќе треба да се зазеленат со тревњаци и средно зеленило.

2.3. Податоци за основната улична мрежа

Уличната мрежа се организира за да се овозможи автомобилски пристап до секоја парцела, како што е тоа случај во овој Урбан модул. Ако не е обезбеден пристап до парцелата, не може да се организира изградба на објект и не можат да се утврдат услови за градба.

Паркирањето на возилата ќе биде во сопствените парцели а додека пак гаражирањето во приземјата на индивидуалните семејни куќи, а сите останати жители на урбаниот модул своите возила ќе ги паркираат на јавните паркиралишта.

2.4. Податоци за основната инфраструктурна мрежа

Водоводната, канализационата, електричната и телефонската мрежа да се изведат во се според ДУП и техничката документација, кои ќе бидат во наредна фаза припремени, со што ќе се овозможи секој објект за живеење и работа да се приклучи на нив .

2.5. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

бр.на урб. пар.	повр. на урб. парцела м2	површ. за градба и габарит м2	проц. на изгр.на пар. %	бруто површина за градба м2	ко.на иск. на земј. к	висина до слеме м1	намена
5.1	526.45	161.46	30.67	645.84	1.23	10.20	семејна куќа
5.2	276.89	110.70	39.98	442.80	1.60	П+2+Пк	семејна куќа
5.3	630.81	252.00	39.95	1008.00	1.59	10.20	семејна куќа
5.4	546.92	218.90	40.00	875.60	1.60	10.20	семејна куќа
5.5	837.02	254.68	30.43	1018.72	1.22	10.20	семејна куќа
5.6	404.16	161.35	39.92	645.40	1.59	10.20	семејна куќа
5.7	420.32	161.35	38.39	645.40	1.54	10.20	семејна куќа
5.8	788.18	272.00	34.51	1088.00	1.38	10.20	семејна куќа
5.9	357.91	180.40	50.40	541.20	1.51	9.20	семејна куќа
5.10	764.89	243.65	31.85	974.60	1.27	10.20	семејна куќа
5.11	663.23	259.00	39.05	1036.00	1.56	10.20	семејна куќа
5.12	700.61	259.00	36.97	1036.00	1.48	10.20	семејна куќа
5.13	218.66	87.40	39.97	349.60	1.6 0	10.20	семејна куќа
5.14	401.21	120.50	30.03	482.00	1.20	10.20	семејна куќа
5.15	358.14	122.20	34.12	488.80	1.36	10.20	семејна куќа
5.16	237.78	61.30	25.78	245.20	1.03	10.20	семејна куќа
5.17	556.30	192.50	34.60	770.00	1.38	10.20	семејна куќа
5.18	199.77	79.30	39.69	317.20	1.59	10.20	семејна куќа
5.19	329.95	132.00	40.00	528.00	1.60	10.20	семејна куќа
вкуп.	**9219.20**	**3329.69**					

Вкупен опфат **П =11925.06м2 100%**
Вкупно површина на у.п. 1- 19 П = 9219.20м2 77.31%
Тротоари П= 856.12м2 7.18%
Сообраќајници П = 1690.71м2 14.18%
Јавно зеленило П= 159.03м2 1.33%

Просек - процент на изграденост на парцелите за УМ-5 Р=36.12%
Просек - коефициент на искористеност на парцелите за УМ-5 К= 1.44

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ОХРИД

Сектор за урбанизам и управување со Одделение за просторно и урбанистичко планирање, градежно земјиште

управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината

Број: 19-6356/6 од 26.12.2016 год

Локална урбанистичка планска документација за ГП 5.3, УЗ 2, УБ 2.2 на кп 16550, КО Охрид, Општина Охрид
Одлука бр: 07-1257/37 од 01.06.2010
Мерка: 1: 500

ИЗВОД од ЛУПД за ГП 5.3, УЗ 2, УБ 2.2 на кп 16550, КО Охрид – Општина Охрид

СОДРЖИ:

1. **Графички дел:**
   - Заверена копија од Синтезен план
2. **Текстуален дел:**
   - Заверена копија од:
     - Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за за целиот плански опфат
     - Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за за целиот плански опфат

Изготвил:
Мимоза Лошкоска Миноска, диа

Контролирал:
Овластено лице од Секторот за урбанизам
Татјана Стојческа, диа

Одобрил :
Помошник раководител на Сектор,
Бранко Арнаудовски, диа

Градоначалник,
др Никола Бакрачески

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 5.3 ВО УЗ 2 УБ 2.2
ПЛАНСКИ ОПФАТ 0.061 ХА

- -ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ (ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА)
- РЛ -РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- -ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ -ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПГЛ -ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ГЛП - ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА НА ПРИЗЕМЈЕ
- В=15.00 -МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ
- A -ДОМУВАЊЕ
- A2 -ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ
- E1 -КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ)
- 5.3 -БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ПЛАН ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ
И ОТПАДНИ ВОДИ

- -ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА
- -ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- -ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

ЕЛЕКТРИКА И ТЕЛЕФОНИЈА

- - Н.Н.ЕЛ.КАБЕЛ ТИП PPOO/A постоен
- -ПОСТОЕН ТЕЛЕФОНСКИ КАБЕЛ



T_2	
R	1200
α	6.09
Tg	63.83
B	1.697
L	127.55

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА				ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА								
број на градежна парцела	класа на намена	компат класа на намена	%	површина на парцела м2	вид на градба	површина под градба м2	максим. височи- м	број на спратови	вкупно изградена бруто површина по катови м2	вкупно изградена бруто површина м2	процент на изграден. %	потреб. број на паркинг места	место на паркирање
5.3	A2	51, 52, 54 63, 64, 66 и др	40%	613.94	СТАНБЕНА ЗГРАДА	390.75 355.10	10.20 15.00	П+2 П+4	1172.28 710.20	1882.48	63.65	*	градежна парцела

* бројот на паркинг места ќе се утврди со издавање на Решение за локациски услови за градбата

ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА СО БИЛАНСИ

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ	површина на гр.парцела м2	површина на зеленило м2	процент на озеленув. %
	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	613.94		100.00
5.3	ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ЗА ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ	613.94	223.18	36.35

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО БИЛАНСИ

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ	површина м2	процент %
	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	613.94	100.00
5.3	ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ЗА ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ	613.94	100.00

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО СО БИЛАНСИ

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ	површина Ха	процент %
	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	0.061	100.0
	СИСТЕМ НА КЛАСИ НА НАМЕНА НА ДЕЈНОСТИ		
A	ДОМУВАЊЕ	0.061	100.0
A2	ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ	0.061	

КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ



ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ 1-1

СЕРВИСНА УЛИЦА "ПАРТИЗАНСКА"

КООРДИНАТИ И ВИСИНСКИ КОТИ

Т	У	Х	Кт	Кн
1	7484174.43	4551904.72	695.68	695.80
4	7484060.37	4552007.36	695.78	696.10

со доволна ширина, а потребно е да изведат со задоволувачки осовински притисок што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила.
- во Охрид се наоѓа противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар. Времето кое е потребно за пристигнување на противпожарното возило е околу 2 минути.
- обезбедена е доволна количина вода за гаснење на пожари;
- во Измени и дополнувања на ДУП за УМ 5, ПЦГП-Охрид предвидени се надворешни пожарни хидранти за гасење на пожарот што би ги зафатил објектите.

8.7. Заштита од технички катастрофи

Една од можните и неопходни потребни превентивни мерки за заштита од техничко-технолошки катастрофи е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти во одржувањето на опремата и инсталациите, треба да се создаде прифатлив однос кон животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни превентивни мерки;

- Првото ниво ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи;
- второто ниво се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии;
- третото ниво вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

Поради горе изнесеното потребно е оформување на систем на евиденција и анализа на технолошките аспекти, компактабилен на системот MAPC на Европската унија, база на податоци за евиденција на опасни материјали, предвидување на превентивни мерки за спречување на технолошки катастрофи како и изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

IV УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Параметрите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на Локалната Урбанистичка Планска Документација и имаат правно дејство само врз градителската активност, која ќе следи по стапување на сила на ЛУПД за градежна парцела 5.3 во УЗ 2, УБ 2.2 на КП 16550 КО Охрид. Со параметрите се уредуваат условите за градба на

просторот во рамките на утврдената граница на опфатот. Сите нумерички податоци во графичките прилози се ориентациони (графички отчитани).

Стварните нумерички податоци ќе се добијат при изработка на нумерички податоци за градежната парцела, заверени во РГУ Охрид, а за потребите при изработка на Идеен проект за градежната парцела.

1. Општи услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите кои важат за плански опфат

1.1. Регулаторна линија

Регулаторни линии представуваат : регулациона линија и граница на градежна парцела

Регулационата линија го разграничува градежното земјиште за општа употреба и градежното земјиште за поединечна употреба. Вертикалната рамнина на која лежи оваа линија го разграничува тој простор над котата на теренот и под котата на теренот

Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели. Вертикалната површина на која лежи оваа линија е всушност површината која го ограничува правото на градба над површината на земјата и под површината на земјата, на секој поединечен носител на право на градба. Еден поединечен носител на право на градба може да представува едно или повеќе физички или правни лица.

1.2. Градежна линија

Градежната линија ја одредува границата на површината за изградба. Градежната линија преставува пресек на вертикална рамнина со рамнината на теренот и го дефинира просторот за изградба од нивелетата на партерот до дозволената висина на градба.

Отстапувањата од градежната линија се дефинирани во член 36 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.78/06). Градежната линија како симбол за граница на површина за градење на новопредвидените објекти, се определува минимум 3.0м за градби со височина до 10.20м (мерено од тротоарот до кота на венец), потоа најмалку 1/3 за градба со височина над 10.20м. Растојанијата важат за страни од површината за градење на кои се предвидуваат регуларни отвори за градење (растојание од објектот до граница на парцелата) и 1.2м за страни со помошни отвори. На растојанија поголеми од 3.0м дозволени се регуларни отвори на таа страна од градбата.

1.3. Дозволена максимална висина за градба

Максимална височина за градба е изразена како вертикално растојание помеѓу влезниот тротоар и завршниот венец на градбата . Максималната височина е изразена во должни метри и истата изнесува 15.00м.

Горниот венец е секогаш во вертикална рамнина со градежната линија, а отстапување е можно во рамките на фасадната пластика согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

1.4. Површина за градба

Површина за градење е планска одредба со која во урбанистичките планови се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење градби. Површината за градба е дефинирана со границите на градежните линии дадени со планот, како и параметрите дефинирани со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 78/06, 140/07 и 12/09).

Во планираната градежна парцела има една површини за градење со намена домување во станбени згради (А2).

1.5. Процент на изграденост на земјиштето

Процент на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу бруто површината на земјиштето под градба, сметано во приземната плоча, и површината на градежното земјиште. Процентот на изграденост на земјиштето всушност ја покажува густината на изграденост.

Процентот на искористеност на земјиштето е даден во табреларниот преглед за градежна парцела .

Процентот на изграденост се дефинирани во зависност од типот на објектот, согласно член 52 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 78/06 и 140/07), како и согласно член 5 од Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. Весник на РМ,бр. 12/09).

1.6.Фасади

Покрај условите кои произлегуваат од дозволените граници за изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нејзино максимално усогласување со соседните објекти, но сепак со максимално почитување на персоналноста на објектите и креативноста на архитектот.

Посебно да се обрне внимание на употребата на соодветни материјали за фасадите, кои ќе го респектираат и ќе се надоврзат на архитектурата на амбиентот.

1.7.Кровови

Формата и висината на кровот се определува во зависност од предложената архитектура на објектот. Кровот треба да се изведе со пад не поголем од 60 степени и завршна обработка со стандардни покривачи.

Височината на слемето во секој случај не смее да е поголема од 4,50 м во однос на котата на завршниот венец.

1.8. Партер

Во партерното уредување да се применува природен материјал и да се изработи ситуационо решение при изработка на идејните проекти.

1.9. Огради

Максималната висина на оградата кон улица изнесува 1,60 м, и тие по изглед и материјал треба да се вклопат во амбиентот на просторот.

1.10. Бариери

Во третманот на пешачките површини не треба да постојат пешачки бариери за движење на хендикепирани лица.

1.11. Градителско наследство

При градење на градбите, односно при вршење на земјани работи, доколку се наиде на артефакти со потенцијален значај од аспект на културно историското наследство, задолжително да се прекине со работа, да се извести надлежниот Завод за заштита на споменици и да се чекаат инструкции за понатамошно делување од нивна страна.

2. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за плански опфат

Градежна парцела: 5.3

Објект од домување во станбени згради

Класа на намена : А2- Објект за домување во станбени згради

-Максимална висина Нмах =10.20 м, односно 15.00м,
-Максимална катност П+2, односно П+4
-Максимална висина на кровна конструкција Н=4.50м,
-Максимална кота на нулта плоча Н=1.20 м во однос на нивелетата на пристапниот тротоар.
-Површина на градежната парцела изнесува: 613.94 м2
-Максимална површина за градба, односно површината под објект изнесува 429.69м2;
-Процент на изграденост на земјиштето изнесува 63.65%;
- Вкупно изградена површина на градбата изнесува 1882.48 м2
-Паркирањето е планирано во градежната парцела

Дополнителни услови :

Зеленило: Просторот надвор од површината за градење да се партерно уреди и озелени со парковско зеленило.

Во состав на градбата е можно предвидување на **компатабилна намена** Б1, Б2, Б4 и В3, дадена во класи на намени во Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.12/09), но не повеќе од 40% од површината на основната намена.

Услов при издавање на Решение за локациски услови, да бидат дозволените **пречекорувања** од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите согласно член 36, од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 78/06, 140/07 и 12/09).

Услов за издавање на Решение за локациски услови, да биде **растојанието** помеѓу површините за градење и границите на градежните согласно член 40, од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 78/06, 140/07 и 12/09).

-**Паркирање:** Потребата за паркирање ќе се обезбеди во дворното место во градежната парцела. и ќе се дефинира при издавањето на Решение за локациски услови, во согласност со членовите 57 и 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 78/06, 140/07 и 12/09) и ќе биде услов за максималната висина и површина за градба.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА					ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА								
број на градежна парцела	класа на намена	компат класа на намена	процент на учество %	површина на парцела м2	вид на градба	површина под градба м2	максим. височи- м	број на спратови	вкупно изградена бруто површина по катови м2	вкупно изградена бруто површина м2	процент на изграден. %	потреб. број на паркинг места	место на паркирање
5.3	A2	Б1, Б2, Б4 Б3, Б4, Б5 и Д3	40%	613.94	СТАНБЕНА ЗГРАДА	390.75 355.10	10.20 15.00	П+2 П+4	1172.28 710.20	1882.48	63.65	*	градежна парцела

* бројот на паркинг места ќе се утврди со издавање на Решение за локациски услови за градбата

ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА СО БИЛАНСИ

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ	површина на гр.парцела	површина на зеленило	процент на озеленув.
		м2	м2	%
	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	613.94		100.00
5.3	ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ЗА ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ	613.94	223.18	36.35

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО БИЛАНСИ

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ	површина	процент
		м2	%
	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	613.94	100.00
5.3	ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ЗА ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ	613.94	100.00

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО СО БИЛАНСИ

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ	површина	процент
		Ха	%
	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	0.061	100.0
	СИСТЕМ НА КЛАСИ НА НАМЕНА НА ДЕЈНОСТИ		
A	ДОМУВАЊЕ	0.061	100.0
A2	ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ	0.061	

КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ



ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ 1-1

СЕРВИСНА УЛИЦА "ПАРТИЗАНСКА"

КООРДИНАТИ И ВИСИНСКИ КОТИ

Т	У	Х	Кт	Кн
1	7484174.43	4551904.72	695.68	695.80
4	7484060.37	4552007.36	695.78	696.10

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 5.3 ВО УЗ 2 УБ 2.2
ПЛАНСКИ ОПФАТ 0.061 ХА

- -ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ (ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА)
- РЛ -РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- -ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ -ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПГЛ -ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ГЛП - ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА НА ПРИЗЕМЈЕ
- B=15.00 -МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ
- A -ДОМУВАЊЕ
- A2 -ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ
- E1 -КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ)
- 5.3 -БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ПЛАН ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОТПАДНИ ВОДИ

- -ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА
- -ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- -ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

ЕЛЕКТРИКА И ТЕЛЕФОНИЈА

- - Н.Н.ЕЛ.КАБЕЛ ТИП PPOO/A постоен
- -ПОСТОЕН ТЕЛЕФОНСКИ КАБЕЛ



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ОХРИД

Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште
Одделение за просторно и урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината

Број: 19-6356/7 од 26.12.2016 год

Локална урбанистичка планска документација за Урбана заедница 2, Урбан блок 2.2, градежна парцела 5.9, Кп 16558, КО Охрид - Општина Охрид
Одлука бр: 07-1257/30 од 01.06.2010 год.
Мерка: 1: 500

ИЗВОД од ЛУПД за Урбана заедница 2, Урбан блок 2.2, градежна парцела 5.9, КП 16558, КО Охрид - Општина Охрид

СОДРЖИ:

1. **Графички дел:**
   - Заверена копија од Синтезен план

2. **Текстуален дел:**
   - Заверена копија од:
     - Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот планскиот опфат
     - Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат

Изготвил:
Мимоза Лошкоска Миноска, диа

Контролирал:
Овластено лице од Секторот за урбанизам
Татјана Стојческа, диа

Одобрил :
Помошник раководител на Сектор,
Бранко Арнаудовски, диа

Градоначалник,
др. Никола Бакрачески

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ:

	нумерација на градежна парцела	класа на намена	алтернативни намени	висина на хоризонтален венец	катност	површина на градежна парцела	површина за градба	бруто развиена површина	потребен бр. на паркинг места	процент на изграденост %	коефициент на искористеност	паркирање
МОДУЛ 5	5.9	А1	Б1 до 10%	н=10.20М	П+2+Пк	359м2	186м2	744м2	10	51.8%	2.07	во парцела
									член 59 задоволување на паркирање во градежна парцела			

Овластено друштво за премери

ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ - СКИЦА ОД ИЗВРШЕНОТО МЕРЕЊЕ
размер 1 : 500

ЛЕГЕНДА

- *Состојба според катастарската евиденција;*
- *Состојба снимена на лице место;*
- *Состојба на површина за градба според ДУП*

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- 1-X НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- Р.Л. РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- Г.Л. ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈ
- ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦИ
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА

КЛАСА НА НАМЕНИ

- А ДОМУВАЊЕ
- А1 ДОМУВАЊЕ ВО СЕМЕЈНИ КУЌИ
- Ø80 ВОДОВОД
- Ø200 ФЕКАЛНА
- Ø500 АТМОСВЕРСКА

①СОБИРНА УЛИЦА



ул.ЈАНЕ САНДАНСКИ



ЕЛС ОПШТИНА ОХРИД
Одделение за Јавност на Општина Охрид
07-1257/30 01.60.2010
Секретар на Општина Охрид

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
УРБАНА ЗАЕДНИЦА 2, УРБАН БЛОК 2.2
ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 5.9, КП 16558 КО ОХРИД
ОПШТИНА ОХРИД Р= 1 : 500
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА



ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

НИМЕР дооел - СТРУГА g.e. СКОПЈЕ

ЛИЦЕНЦА БРОЈ: 0019

НАРАЧАТЕЛ: ТОФОВСКА ГРУПЧЕ ЈАСМИНКА

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, УЗ 2, УБ 2.2, ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 5.9, КП 16558 КО ОХРИД ОПШТИНА ОХРИД

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА-СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
БЛАГОЈА РАДЕВСКИ, д.и.а. Овластување бр. 0.0104

0 БЛАГОЈА РАДЕВСКИ дипл.инж.арх. Овластен планер 0104

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
ЛИЛЈАНА РАДЕВСКА, д.и.а. Овластување бр. 0.0105

0 ЛИЛЈАНА РАДЕВСКА дипл.инж.арх. Овластен планер 0105

УПРАВИТЕЛ: БЛАГОЈА РАДЕВСКИ дипл.инж.арх.

ТЕХ.БРОЈ:	МЕСТО:	ДАТА:	РАЗМЕР:	ЛИСТ БРОЈ:
58/2010	СКОПЈЕ	Март 2010 г.	1:500	05

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

1. . ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ГРАДБИ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ

1.1 Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на планот и имаат дејство само врз градителската активност која ќе следи по стапување во сила на Локалната урбанистичка планска документација.

1.2 Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1.3 Параметрите се применуваат во рамките на утврдената граница на опфатот. Специфичните параметри за уредување на просторот се однесуваат на градежните парцели поединечно.

1.4 Во оваа зона на домување можат да се предвидат површини за градба за станбени куќи.

1.5 Планскиот опфат е дефиниран со една градежна парцела.

1.6 Со планот се одредени:
- регулациони линии
- граница на градежна парцела
- површина за градење ограничена со градежна линија
- намена на земјиштето и градбите

Во планот е зацртана група на класа на намена А – Домување, со основна класа на намена А1 – Домување во семејни куќи.

Основна класа на намена:

А1 – Домување во семејни куќи.

Со планот се одредени и компатибилните намени согласно Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", бр. 12/09) – табела 2.

1.7 Компатибилните класи на намени на основната класа на намена се земаат како максимален дозволен % на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена во планот и максималниот дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена на планот дадени се табеларно согласно Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", бр. 12/09) – табела 2.
Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај потребите за паркирање за градежната парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела, со

почитување на потребен број паркинг места согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", бр. 78/06) член 59 и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", бр. 140/07, 12/09 и 93/09).

- Максимална површина за градба во градежната парцела која може да се реализира и фазно во ламели во однос на површината за градба или во однос на висината.
- Максимална височина на градење е 10.20м односно кота на горниот венец во однос на заштитниот тротоар или катност од П+2+Пк
- Максималната висина на слиме да изнесува 3.5 м

1.8 Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба.

1.9 Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка големина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.

1.10 Паркирањето е во рамките на градежна парцела. Потребниот број на паркинг места за градбата е според нејзината намена или големина, т.е. ќе се одреди спрема класата на намена А1, а пропишана со Правилникот.

1.11 Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти.

Процентот на озеленетост во рамките на градежните парцели минимум е потребно да изнесува од 5-10%.

Оваа планска одредба станува составен дел на условите за градење.

1.12 При реализација на градба од Локалната урбанистичка планска документација за урбан модул 5 граежна парцела 5.9 **и** се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник 20/04)

1.13 Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да

пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

1.14 Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во околината на планскиот опфат.

1.15 Во табеларниот прилог обележани се: градежната парцела со број, површина на градежна парцела, површина за градење ограничена со градежни линии, намена на земјиштето и површините за градба, височина на градење, односно кота на горниот венец, максимален број на катови, паркирање во локација и во објект согласно Правилникот за поблиска содржина, размер и начина на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен Весник на РМ", бр. 78 од 28 јуни 2006 год.).

2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ГРАДБИ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ ЗА СЕКОЈ ПОМАЛ ОПФАТ

2.1 Класа на намена

Во планот е зацртана група на класи на намена А – Домување, со основна класа на намена А1 – Домување во семејни куќи.

Основни класи на намени :

А1 - Домување во семејни куќи

Со планот се предвидени и компатибилни класи на намени на основната класа на намена и тоа: **Б1** со максимален дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена во планот од 10%.

2.2 Градежна парцела

Опфатот со површина од 0,0359ха **се состои од** 1 **градежна парцела. Границите на градежната парцела се претходно дефинирани со постојниот ДУП** урбан модул 5,во Општина Охрид. Растојанието помеѓу површината за градба и градежната парцела се превземени од важечкиор план, но не се во целост со член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 78/06,140/07,12/09, 93/09).

2.3 Природа на зафатот

Во градежната парцела 5.9 предвидена е површина за градба со намена А1 – Домување во семејни куќи. Параметрите од оваа Локална урбанистичка планска документација се основа за понатамошно изработување на идеен, а потоа и основен проект.

Максималната височина на хоризонталниот венец на објектите е 10.20м

Градежната парцела 5.9, со вкупна површина 0,0 , т. е. 100% од опфатот, е со класа на намена А1 – Домување во семејни куќи.

2.4 Зеленило

Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела треба да изнесува минимум 5 – 10%.

2.5 Паркирање

Паркирањето е во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места е според намената и големината на градбата, т. е. ќе се одреди според класата на намена А1, како што е пропишано во член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", бр. 78/06, 140/07, 12/09 и 93/09).
Решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај е основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.
Согласно член 52, од од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 78/06), за определувањето на потребниот број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, служат следниве нормативи:

А --ДОМУВАЊЕ

А1 - Семејно домување
За станбени згради кои не се лоцирани во централното градско подрачје: 1,2 паркинг места за секој стан до 90 м^2 и 1,5 паркинг места за секој стан над 90 м^2.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ОХРИД

Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште
Одделение за просторно планирање, урбанистичко планирање,
Управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината

Број: 09-913/2 од 09.02.2018 год.

ПРОЕКТЕН ОПФАТ: **ПОМЕЃУ УЛ. "СТРАШО ПИНЏУР", "ЈАНЕ САНДАНСКИ", "ПАРТИЗАНСКА" И "СЕРАФИМ КИТАНОСКИ"**

КАТ. ОПШТИНА: **КО ОХРИД 3**

АДМ.ОПШТИНА: **ОПШТИНА ОХРИД, ОХРИД**

НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ:
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.2 – ОПФАТ 3, ОПШТИНА ОХРИД

РАКОВОДИТЕЛ НА ДУП:	м-р **СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ**, диа	0.0368
ПЛАНЕРИ:	м-р **БИЉАНА НАСКОВИЌ**, диа	0.0369
	БИЛЈАНА ХРИСТОМАНОВА, диа	0.0428
СОРАБОТНИЦИ:	м-р **ТОМАИДА ДИМИТРОВСКА**	
	м-р **ЉУБИЦА ЕФТИМОВА**	

ПРИЛОГ:
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

У

07

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.2 – ОПФАТ 3,

ОПШТИНА ОХРИД

Плански период 2017-2022

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО - ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ И КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ (ЗАШТИТНО-КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ)

-Документациона основа -







САТЕЛИТСКА СНИМКА НА ОПФАТОТ

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ2.2 ОПФАТ 3 К.О. ОХРИД 3 / КОНТАКТНА ЗОНА

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД

Н.У.ЗАВОД И МУЗЕЈ ОХРИД

План:	ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ2.2 ОПФАТ 3 К.О. ОХРИД 3 / КОНТАКТНА ЗОНА	Цртеж: прилог Фаза: заштитно конзерваторски основи	
Прилог:	ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗАШТИТЕНИ И НЕЗАШТИТЕНИ ДОБРА	Размер: 1 : 250	Тех.бр. 13-431/2
Носител на планот: Н.У.ЗАВОД И МУЗЕЈ ОХРИД	Раководител на планот: д.и.а. овластен конзерватор Горан Патчев Изработувачи: д.и.а.Тања Паскали Бунташеска, виш конзерватор,член д.и.а. Љубица Тасеска Блажеска, овластен конзерватор, член	Дата: Април 2018	Прилог: бр.: 4

КЛАСА НА НАМЕНИ:

- Е - ИНФРАСТРУКТУРА
- **Е1 - Комунална инфраструктура - коловоз**
- **Е1 - Комунална инфраструктура - тротоар**

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=1.18ха (11820.42м²)
- 15574 БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- ГРАНИЦА НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
- 349.22 ВИСИНКИ КОТИ
- А1 КЛАСА НА НАМЕНИ
- П КАТНОСТ НА ГРАДБА
- ■ СОСТОЈБА НА ГРАДБА - ДОБРА
- ✶ СИСТЕМ НА ГРАДБА - СКЕЛЕТЕН СИСТЕМ
- ✚ СИСТЕМ НА ГРАДБА - МОНТАЖЕН СИСТЕМ
- ГРАНИЦА НА СПОМЕНИЧНО ДОБРО
- КОНТАКТНА ЗОНА



M=1:1000

0 10 20 40 60 80 100м

ТАЈФААРХИТЕКТИ WWW.TAJFA.MK	ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ УЛ.ЖИВКО ЧАЛО 23, 1300 КУМАНОВО www.tajfa.mk | contact@tajfa.mk	УПРАВИТЕЛ: м-р СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ, диа	ЛИЦЕНЦА БР: 0055 ТЕХ.БР. 32/17 ДАТУМ:02.2022
ПРОЕКТЕН ОПФАТ: ПОМЕЃУ УЛ. "СТРАШО ПИНЏУР", "ЈАНЕ САНДАНСКИ", "ПАРТИЗАНСКА" И "СЕРАФИМ КИТАНОСКИ" КАТ. ОПШТИНА: КО ОХРИД 3 АДМ.ОПШТИНА: ОПШТИНА ОХРИД, ОХРИД		НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ: ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.2 – ОПФАТ 3, ОПШТИНА ОХРИД	РАЗМЕР: 1/1000 У
РАКОВОДИТЕЛ НА ДУП: м-р СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ, диа 0.0368 ПЛАНЕРИ: м-р БИЉАНА НАСКОВИЌ, диа 0.0369 БИЛЈАНА ХРИСТОМАНОВА, диа 0.0428 СОРАБОТНИЦИ: м-р ТОМАИДА ДИМИТРОВСКА м-р ЉУБИЦА ЕФТИМОВА		ПРИЛОГ: ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ И КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ (ЗАШТИТНО-КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ)	08

ТАЈФААРХИТЕКТИ | WWW.TAJFA.MK

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
НА

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.2 – ОПФАТ 3, ОПШТИНА ОХРИД

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2017-2022

ТЕХНИЧКИ БРОЈ **32/17**
05. 2022 год.

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
ПРИЛОГ НА

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.2 – ОПФАТ 3, ОПШТИНА ОХРИД

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2017-2022

ЛОКАЦИЈА: ДЕЛ ОД УБ 2.2 – ОПФАТ 3, ОПШТИНА ОХРИД

ПРЕДМЕТ: ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.2 – ОПФАТ 3, ОПШТИНА ОХРИД

ОДОБРУВА: СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД

ИЗРАБОТУВА: ДРУШТВО ЗА АРХИТЕКТОНСКИ ДЕЈНОСТИ И ИНЖЕНЕРСТВО, ТЕХНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ И АНАЛИЗА "**ТАЈФА АРХИТЕКТИ**" ДООЕЛ КУМАНОВО

КУМАНОВО
А: УЛ.ЖИВКО ЧАЛО 23
Т: 070511131/078472484
Е: lazarevski@tajfa.mk

СКОПЈЕ
А: БУЛ.ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ 17-3/2
Т: 023241130
Е: contact@tajfa.mk

РАБОТЕН ТИМ:

Раководител на ДУП м-р **Стефан Лазаревски**, дипл.инж.арх.

Планери м-р **Биљана Насковиќ**, дипл.инж.арх.

Билјана Христоманова дипл.инж.арх.

Соработници м-р **Томаида Димитровска**

м-р **Љубица Ефтимова**

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 32/17

УПРАВИТЕЛ: м-р **Стефан Лазаревски**, дипл.инж.арх.

СОДРЖИНА НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД.....5
2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИТ ОПФАТ.....6
2.1. Парцелирано градежно земјиште.....6
2.1.1 Демографски податоци.....8
2.2. Непарцелирано градежно земјиште.....10
3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА И НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА.....12
3.1. Плански опфат.....12
3.2. Блокови.....12
3.3. Регулациона линија.....13
3.4. Граница на градежна парцела.....13
3.5. Градежни парцели.....13
3.6. Намена на земјиште.....13
3.7. Градежни линии и помошни градежни линии.....14
3.8. Површини за градење.....15
3.9. Максимална височина на градбите и катност.....15
3.10. Процент на изграденост.....16
3.11. Коефициент на искористеност.....16
3.12. Комунална инфраструктура – сообраќајна инфраструктура.....17
3.12.1 Динамички сообраќај.....17
3.12.2 Стационарен сообраќај.....18
3.12.3 Нивелмански план.....19
3.13. Комунална инфраструктурна мрежа.....19
3.13.1 Водовод.....19
3.13.2 Фекална канализациона мрежа.....21
3.13.3 Атмосферска канализациона мрежа.....22
3.13.4 Електро-енергетска инфаструктура и објекти.....23
3.13.5 Улично осветлување.....25
3.13.6 Телекомуникациска инфраструктура и објекти.....25
3.13.7 Гасоводна инфраструктура.....26
3.14. Хортикултура и партер.....26
3.15. Елементи на обликување на градбите во градежните парцели.....26
4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА.....27
4.1. Мерки за заштита на културното наследство.....27
4.2. Мерки за заштита на животна средина.....28
4.3. Заштита на почвата и подземните води.....30
4.4. Заштита од бучава.....31
4.5. Заштита на воздухот.....31
4.6. Управување со отпадот.....31
4.7. Мерки за заштита и спасување.....32
4.8. Урбанистичко-технички мерки.....33
4.8.1 Засолнување.....33
4.8.2 Заштита и спасување од поплави.....34
4.8.3 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи.....35
4.8.4 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства.....36
4.8.5 Заштита и спасување од урнатини.....37
4.8.6 Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи.....38
4.8.7 Спасување од сообраќајни несреќи.....38
4.9. Хуманитарни мерки.....39
4.9.1 Евакуација.....39
4.9.2 Згрижување на настрадано и загрозено население.....39
4.9.3 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита.....39
4.9.4 Прва медицинска помош.....39
4.9.5 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло.....40
4.9.6 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло.....40
4.9.7 Асанација на теренот.....40

5. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ.....40
5.1. Плански опфат.....41
5.2. Блокови.....41
5.3. Регулациона линија.....41
5.4. Граница на градежна парцела.....42
5.5. Градежни парцели.....42
5.6. Намена на земјиште.....42
5.7. Градежни линии и помошни градежни линии.....43
5.8. Површини за градење.....43
5.9. Максимална височина на градбите и катност.....44
5.10. Процент на изграденост.....45
5.11. Коефициент на искористеност.....46
5.12. Сообраќајна инфраструктура.....46
5.12.1 Динамички сообраќај.....46
5.12.2 Стационарен сообраќај.....47
5.12.3 Нивелмански план.....47
5.13. Услови за движење на инвалидизирани лица.....47
5.14. Зеленило.....48
5.15. Водовод и канализација.....48
5.16. Електро-дистрибутивна и телефонска инфраструктура.....49
5.17. Гасоводна инфраструктура.....49
5.18. Елементи на обликување на градбите во градежните парцели.....49
5.19. Мерки за заштита и спасување.....50
5.20. Заштита на културно наследство.....50
5.21. Заштита на животна средина.....51
5.22. Преодни одредби.....51
6. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ.....52
6.1. Други услови за градба.....60
7. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ.....62
7.1. Билансни показатели.....62
7.2. Споредбени биланси.....62

8. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

01. ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ 1:1000
02. РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН 1:1000
03. ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ И ЗЕЛЕНИЛО 1:1000
04. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН 1:1000
05. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН 1:1000
06. СИНТЕЗЕН ПЛАН 1:1000

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ДАТУМ: 05.2022 год.

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Урбанистички план со која се уредува предметниот плански опфат е Детален урбанистички план во УЗ 2, дел од УБ 2.2 – опфат 3, плански опфат помеѓу ул. "Страшо Пинџур", "Јане Сандански", "Партизанска" и "Серафим Китаноски" општина Охрид, Плански период 2017-2022. Истиот се изработува врз основа на одобрена Планска програма од Градоначалник на општина Охрид, со Потврда за заверка за одобрување на планска програма бр. 09-10724/3 од 11.12.2017 година, а по Предлог за одобрување на планската програма, бр. 19-10724/2 од 26.09.2017 година од страна на Комисијата за Урбанизам на град Охрид, во согласност со Член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и со содржина согласно Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план, формата, содржината и начинот на обрбаотка на урбанистичко-планските документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржина, формата и начинонот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр.142/15). При изработката на Деталниот урбанистички план земени се во предвид измените на цитираната законска регулатива во периодот по одобрувањето на Планската програма.

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно доставената документација во дигитален формат од општина Охрид, писмо бр.19-6356/8 од 06.03.2017 година, а во согласност со ГУП на град Охрид, Плански период 2002-2012 (Одлука бр.07-1438/2 од 30.06.2006год.) и ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.). Истиот зафаќа површина од 1,18ха и неговата местоположба е дефинирана во рамките на следните граници:

- на северо-исток со улицата "Страшо Пинџур",
- на југо-исток со улицата "Јане Сандански",
- на југо-запад со улицата "Партизанска",
- на северо-запад со улицата "Серафим Китаноски".

Границата на планскиот опфат се движи по осовините на наведените улици и истата е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 8 и кои се дадени табеларно со X и Y координати:

КООРДИНАТИ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ		
	X	**Y**
T1	7484102.12	4552057.45
T2	7484233.75	4551966.17
Лак 1: Испупченост 0.04 Центар X=7483577.09 Y= 4551159.73 Радиус 1039.98 Почетен агол 39°9’18” Завршен агол 30°19’17”		
T3	7484174.08	4551905.37
T4	7484165.08	4551914.51
T5	7484154.01	4551925.20
Лак 2: Испупченост -0.01 Центар X= 7483951.29 Y= 4551704.05 Радиус 300.00 Почетен агол 42°30’38” Завршен агол 45°26’59”		
T6	7484110.72	4551964.87
T7	7484064.87	4552003.83
Лак 3: Испупченост -0.02 Центар X= 7483570.14 Y= 4551375.16 Радиус 800.00 Почетен агол 38°12’2” Завршен агол 42°30’38”		
T8	7484060.24	4552007.48

Деталниот урбанистички план се изработува за планскиот период 2017-2022 година.

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИТ ОПФАТ

Планскиот концепт е изработен согласно со усвоената Планска програма, податоците и информациите добиени при анализите на предметниот плански опфат, дадени во Документационата основа, а условен од мерките за заштита на животната средина и природата, заштита на културното наследство и заштитата и спасувањето.
Основна цел на оваа измена и дополна на Детален урбанистички план е преку:

- рационално користење на земјиштето;
- максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот;
- оформување препознатлива архитектонска целина;
- почитување и заштита на правото на човекот на работа;
- почитување и надградување на пејсажните вредности;
- оформување културен пејсаж;
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето;
- подигнување хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица;
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство;
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина;
- вградување мерки за заштита и спасување;
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;

да го преиспита предметниот простор и да ги дефинира условите за градење во рамките на предметниот плански опфат со дефинирање на градежни парцели, дефинирање на основни класи на намена, како и дефинирање на архитектонско - урбанистичките параметри за реализација на планираните градби и усогласување на досега превземените и идните планерски активности, со евидентирање на постојните – создадените вредности и примена на важечка законска легислатива од областа на просторното и урбанистичкото планирање.

2.1. Парцелирано градежно земјиште

Со предметниот Детален урбанистички план, а во согласност со важечкиот ГУП на град Охрид, плански период 2002-2012 (Одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 година), важечкиот ДУП за Урбан модул 5 во ПЦГП – Охрид, плански период 2003-2008 (Одлука бр. 07-994/7 од 14.09.2004 година), како и важечките плански документации во рамките на предметниот плански опфат: ЛУПД за ГП 5.3, УЗ 2, УБ 2.2 на КП 16550, КО Охрид – Општина Охрид, (Одлука бр. 07-1257/37 од 01.06.2010 година) и ЛУПД за Урбана заедница 2, Урбан блок 2.2, градежна парцела 5.9, КП 16558, КО Охрид – Општина Охрид (Одлука бр. 07-1257/30 од 01.06.2010 година), на парцелираното градежно земјиште на предметниот плански опфат, се редефинираат предходно дефинираните градежни парцели и градежни површини, при што бројот на градежните парцели изнесува 19 градежни парцели со вкупна површина од 9.032,85м^2 организирани во 1 блок (дел од блок 2.2 – опфат 2). Во рамките на овие градежни парцели, предвидени се површини за градба со вкупно 4.165,22м^2 и бруто развиена површина 17.064,93м^2.

Поради значењето на овој простор, можностите за порационална искористеност на земјиштето, предвидени се висини кои соодејствуваат со урбаната матрица, уличните фронтови и местоположбата на локалитетот, како и предходно донесената планска документација во рамките на планскиот опфат, а се во склад со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Во делот кој се однесува на домувањето, планираните висини на градбите се усогласени со одредбите во ГУП, како и со висините утврдени на ниво на наменска

зона во дадените блокови, што допринесува за оформување на континуиран завршен венец на дел од периметрално планираните станбени згради и јасен урбан идентитет. Притоа сите висини на градбите се дефинирани согласно членовите 42-44 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Покрај максималната висина на градбите до венец, во нумерчките податоци дадена е и максимална катност за планираните висини за градба. Дополнително, растојанијата меѓу градбите се во согласност на член 40 од споменатиот Правилникот.

Со Деталниот урбанистички план се дефинира и класата на намена на градежното земјиште и градбите. Основната класа на намена е дефинирана во согласност со важечкиот ГУП на Град Охрид, плански период 2002-2012 како:

- Домување
- Домување со терцијални содржини

како и согласно Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) калсата на намени е утврдена како:

Домување - група на класа на намени А:

- Домување во станбени куќи - **основна класа на намена А1;**
- Домување во станбени згради - **основна класа на намена А2.**

Со предметниот Детален урбанистички план, основната класа на намени А1 – Домување во станбени куќи се дополнува со следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- **Б1 – Мали комерцијални и деловни намени** до максимално 30%,
- **В1 – Образование и наука** до максимално 30%,
- **В2 – Здравство и социјална заштита** до максимално 30%,
- **Д3 – Спорт и рекреација** до максимално 30%.
- **Б5 – Хотелски комплекси** до максимум 5%,
- **Г2* – Лесна и незагадувачка индустрија** до максимално 5%.

*Компатибилни класи на намени на основната класа на намена кои се утврдуваат само при вклопување на градби кои стекнале правен статус согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 30%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
Основната класа на намени А2 – Домување во станбени згради се дополнува со следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- **Б5 – Хотелски комплекси** до максимум 15%,
- **Б1 – Мали комерцијални и деловни намени** до максимално 20%,
- **Б2 – Големи трговски единици** до максимално 30%,
- **Б4 – Деловни простории** до максимално 20%,
- **В3 – Култура** до максимално 40%,
- **В4 – Државни институции** до максимално 10%,
- **Д3 – Спорт и рекреација** до максимално 40%,

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 40%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Со предметниот Детален урбанистички план, утврдени се и следните групи на класа на намена, односно основни класи на намена:

Инфраструктура - група на класа на намени Е:

- Комунална инфраструктура - основна класа на намена **Е1;**

За нив, во рамките на планскиот опфат, предмет на овој Детален урбанистички план, не се предвидува компатибилна класа на намена.
Дистрибуцијата на парцелираното градежно земјиште под различните основни класи на намена е дадено во табелата, подолу:

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.2 – ОПФАТ 3, ОПШТИНА ОХРИД					
	Површина под градежни парцели ($м^2$)	Дел од плански опфат со дадена наменска зона – бруто површини ($м^2$)	Површина за градба ($м^2$)	Развиена површина за градба ($м^2$)	Процент на учество на градежните парцели во планскиот опфат (%)
А1 – домување во станбени куќи	**4935.82**	**5860.76**	**2083.39**	**8333.55**	**41.76**
А2 – домување во станбени згради	**4097.03**	**5959.66**	**2081.83**	**8731.38**	**34.66**
ВКУПНО:	**9032.85**	**11820.42**	**4.165,22**	**17064.93**	**76.42**

Табела 2.1

Површина на плански опфат: **11.820м^2,** согласно потврдата од тополошки преклоп со податоците на Агенцијата за Катастар на Недвижности.

2.1.1 Демографски податоци

Предметниот плански опфат, е ограничен на дел од Урбана заедница 2, дел од Урбан блок 2.2 од важечкиот ГУП за град Охрид, плански период 2002-2012 (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.). Согласно цитираниот ГУП, Извод бр. 19-6356/5 од 26.12.2016 година, проекциите за 2012 година за дадената урбана заедница планирана е за 3400 жители, кои се планира да живеат во 1080 домаќинства со просечно 3.5 члена по домаќинство. За споредба , согласно точка 2. Демографски развој од ГУП на град Охрид, утврдена е проекција на демографски раст од просечно 0,5% на годишно ниво или на вкупно 44.500 жители за 2012 година. Во однос на вкупното население од 1994 година од 41.146 жители, тоа е зголемување за вкупно 3354 жители.

Во доставеното текстуално образложение на важечкиот ДУП за Урбан модул 5 во ПЦГП – Охрид, плански период 2003-2008 (Одлука бр. 07-994/7 од 14.09.2004 година), Извод бр.19-6356/5 од 26.12.2016 година, нема проекција за бројот на жители за дадениот плански опфат, ниту аплицирани стандарди.

При пресметка на демографските податоци како: бројот на жители, број на семејства, густина на населеност и сл. земена е в предвид и одредбата од важечкиот ГУП за град Охрид (точка 6.3 Терцијарен сектор) според која „*предвидена е можноста во постојните и во предвидените зони на домување, а во потези долж улиците од примарната градска мрежа и други*

фреквентни правци, да се интерполираат содржини од терцијарниот стопански сектор...". Согласно тоа, а во склад и со член 32 и Прилог 1 на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), планираниот број на жители и пред се густината на домување во делот од планскиот опфат со наменска зона А1 – Домување во станбени куќи и А2 – домување во станбени згради е пресметан без развиената површина која отпаѓа на компатибилните класи на намена и тоа до максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот – 30-40%, согласно цитираниот Правилник. Притоа, земена е во предвид вкупната развиена површина на сите градби, како за парцелите кои се наоѓаат во зоната на домување со терциерни дејности, така и на делот надвор од неа, а по основ на можностите кои им ги нуди Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот.

Дополнително, при пресметка на посочените демографските податоци, кои се однесуваат на квантификацијата на станбените потреби на градот утврдено е дека влезните параметри од ГУП-от на град Охрид не прават разлика помеѓу типот на населбите, нивната местоположба, соодносот на поединечните класи на намени и сл. при што како просечна нето станбена површина по жител е утврдена 32,66м^2/ж. Имајќи го в предвид горе наведеното, како и тоа дека планскиот опфат се наоѓа во поширокото централното градско подрачје во Охрид, понатаму различната номенклатура на станбени единици (станови и куќи) кои се планираат во рамките на предметниот плански опфат, предходно цитираните одстапувања, како и зголемениот животен стандард на населението денес, утврден е следниот стандард:

- 40м^2 станбена површина по жител за станбените единици во рамките на домувањето во станбени згради (А2) и
- 65м^2 станбена површина по жител за станбените единици во рамките на домувањето во станбени куќи (А1).

При пресметка на демографските параметри, земени се в предвид следните влезни податоци:

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.2 – ОПФАТ 3, ОПШТИНА ОХРИД						
	Површина под градежни парцели (м^2)	Дел од плански опфат со дадена наменска зона – бруто површини (м^2)	Површина за градба (м^2)	Развиена површина за градба (м^2)	Процент на учество на градежните парцели во планскиот опфат (%)	Развиена површина за градба (м^2) (без компатибилна класа на намена до 30% / 40%)*
А1 – домување во станбени куќи	**4935.82**	**5860.76**	**2083.39**	**8333.55**	**41.76**	**5.833,48**
А2 – домување во станбени згради	**4097.03**	**5959.66**	**2081.83**	**8731.38**	**34.66**	**5.238,83**

Табела 2.2

* Максималниот дозволен % на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена на планот за А1 е 30%, додека за А2 е 40%.

Според тоа, математичка квантификација на демографски параметри, за предметната измена и дополна на Деталниот урбанистички план ќе се врши согласно следните стандарди и податоци:

- Површина на плански опфат: **1,1820 ха**
- Бруто површина на наменска зона А1: **0,586 ха**
- Нето површина на наменска зона А1 (градежни парцели): **0,494 ха**
- Бруто површина на наменска зона А2: **0,596 ха**

- Нето површина на наменска зона А2 (градежни парцели): **0,410 ха**
- Просечен број на членови на домаќинство: **3,5**
- Утврдена номинална бруто станбена површина по жител за класа на намена А1: **70м²**
- Утврдена номинална бруто станбена површина по жител за класа на намена А2: **35м²**
- Максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена согласно Правилник (за А1): **30%** односно (за А2) **40%**

за А1 – домување во станбени куќи:

број на жители и домаќинства зона со А1 без 30% компатибилна намена

- **Број на жители во зона со А1:**
  5.833,48м² / 65м²/ж = 89,74ж усвоено **90 жители**
- **Број на домаќинства во зона со А1:**
  90ж / 3,5ж/дом= 25,71 дом. усвоено **26 домаќинства**
- **Бруто густина на населеност во наменска зона - А1:**
  90 / 0,586ха = 153.58 усвоено **154 ж/ха**

за А2 – домување во станбени згради:

број на жители и домаќинства зона со А2 без 40% компатибилна намена

- **Број на жители во зона со А2:**
  5238.83м² / 40м²/ж = 130,97ж усвоено **131 жители**
- **Број на домаќинства во зона со А2:**
  131 / 3,5ж/дом= 37,43 дом. Усвоено **38 домаќинства**
- **Бруто густина на населеност во наменска зона - А2:**
  131/ 0,596ха = 219,79 усвоено **220ж/ха**

Планирани демографски параметри за цел плански опфат:

ПЛАНИРАНИ ДЕМОГРАФСКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.2 – ОПФАТ 3, ОПШТИНА ОХРИД

	Бруто површина под градежни парцели (м²)	Бруто површина под наменска зона (м²)	Планиран број на домаќинства	Планиран број на жители	Планирана бруто густина (ж/ха)
А1 – домување во станбени куќи	**4935.82**	**5860.76**	26	90	154 ж/ха
А2 – домување во станбени згради	**4097.03**	**5959.66**	38	131	220ж/ха
ВКУПНО:	**9,032.85**	**11,820.42**	**64**	**221**	**187 ж/ха**

Табела 2.3

2.2. Непарцелирано градежно земјиште

Непарцелираното градежно земјиште, во делот на сообраќајната инфраструктура целосно е преземено од важечката планска документација.

Имено, предметниот планскиот опфат од две страни е ограничен со улици целосно преземени од планското решение во ГУП на град Охрид, Плански период 2002-2012 (Одлука бр.07-1438/2 од 30.06.2006год.), и тоа:

- на југо-исток со улицата "Јане Сандански" – сервисна улица;
- на југо-запад со улицата "Партизанска" – сервисна улица

Додека од другите две страни предметниот плански опфат е ограничен со улици дефинирани во важечки ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.), и тоа:

- на северо-исток со улицата "Страшо Пинџур" – станбена улица целосно превземена од важечкиот ДУП;
- на северо-запад со улицата "Серафим Китаноски" – станбена улица.Согласно барањето во допис од Министерство за транспорт и врски – Сектор за уредување на просторот бр. 21 – 272/2 од 04.02.22, за улицата "Серафим Китаноски" се презема трасата од ДУП „Детален урбанистички план за УЗ 2, дел од УБ 2.2 “, опфат 3, Општина Охрид, Плански период 2008-2013, општина Охрид (Одлука бр.07-472/7 од 26.02.2009) , со регулациона широчина од 10,0м и истите се целосно преземени во предметниот Детален урбанистички план. Согласно тоа, оваа улица е планирана како станбена улица, со регулациона широчина од 10,0м.

Овие улици се категоризирани како сервисни согласно важечката планска документација, и соодветно на тоа пристапот кон градежните парцели е директен од нив, согласно член 63 став (5) од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

За сите градежни парцели, со основна класа на намена А1- Домување во станбени куќи и А2- домување во станбени згради, потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела. Согласно член 59, став 3 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), единствено за градбите со намена А2 – домување во станбени згради, се дозволува „*заедничко подземно и надземно паркирање за две или повеќе парцели, преку заедничка пристапна комуникација, заради обезбедување на потребниот број на паркинг места, по добивање на согласност од сопствениците на градежното земјиште кое е опфатено со предметните градежни парцели“*.

Деталниот урбанистички план за овој простор овозможува сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела, односно градба.

Во рамките на планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план (П=11.820,42м^2**)** земен е во предвид следниот тип на озеленетост:

- Неизградена површина од градежните парцели - дворно место.

Пресметката на озеленетата површина која отпаѓа на дворното место во рамките на градежните парцели е дадена подолу во табелата:

Неизградена површина од градежните парцели - дворно место во ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.2 – ОПФАТ 3, ОПШТИНА ОХРИД

	Површина под градежни парцели (м^2)	Површина за градба (м^2)	Површина под дворно место (м^2)	Процент на учество на дворното место во градежните парцели (%)	Процент на учество на дворното зеленило во вкупниот плански опфат (%)
А1 – домување во станбени куќи	4,935.82	2083.39	2,852.43	57.79	24.13
А2 – домување во станбени згради	4,097.03	2081.83	2,015.20	49.19	17.05
ВКУПНО:	**9,032.85**	**4,165.22**	**4,867.63**	**53.89**	**41.18**

Табела 2.4

Имајќи го в предвид тоа, степенот на озеленетост во рамките на целиот плански опфат е даден подолу во табелата:

Степен на озеленетост во рамките на планскиот опфат на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.2 – ОПФАТ 3, ОПШТИНА ОХРИД		
	Површина ($м^2$)	Процент на озеленетост (%)
Дворно зеленило	4,867.63	41.18
ВКУПНО:	**4,867.63**	**41.18**

Табела 2.5

Степенот на озеленетост е во согласност со Законот за зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и 42/20).

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА И НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА

3.1. Плански опфат

Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на член 5, 6 и 7 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Границата на планскиот опфат треба да биде:

- затворена, рационална, економична, правилна линија, линија на опкружување со колку што е можно помала должина;
- линијата што ќе се совпаѓа или ќе ги следи линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, водени текови и др.) или создадени (пат, оска на улица, граница на катастарска парцела, граница на подрачје со иста намена и др.) и
- линија која нема да ја намалува вредноста на земјишето што го дели или ја ја попречува неговата намена и начин на користење делејќи го на неупотребливи делови.

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно доставената документација во дигитален формат од општина Охрид, писмо бр.19-6356/8 од 06.03.2017 година, а во согласност со ГУП на град Охрид, Плански период 2002-2012 (Одлука бр.07-1438/2 од 30.06.2006год.) и ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.). Истиот зафаќа површина од 1,18ха и неговата местоположба е дефинирана во рамките на следните граници:

- на северо-исток со улицата "Страшо Пинџур",
- на југо-исток со улицата "Јане Сандански",
- на југо-запад со улицата "Партизанска",
- на северо-запад со улицата "Серафим Китаноски".

Согласно изработените Заштитно конзерваторски основи, бр. 13-431/2 од 17.04.2018 година, од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, во точка 2 - Граница на контактната зона на заштитената споменичка целина, како составен дел од урбаното подрачје, наведено е дека предметниот плански опфат опфаќа дел од контактната зона на заштитената споменичка целина во рамки на граници кои се детално опишани во истата и се составен дел на овој план.

Деталниот урбанистички план се изработува за планскиот период 2017-2022 година.

3.2. Блокови

Согласно член 11 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) блокот претставува посложена единица на градежното земјиште која се состои од една или повеќе градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба. Границата на блокот се совпаѓа со оски на улици, регулациони линии, наменски зони, граници на градежни парцели и граници на катастарски парцели.

Планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план, е ограничен на дел од УЗ 2, УБ 2.2, согласно ГУП на град Охрид, Плански период 2002-2012 (Одлука бр.07-1438/2 од 30.06.2006год.) и ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.).

3.3. Регулациона линија

Согласно член 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), регулационата линија е планска одредба со која се означува граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште наменето за поединечна употреба.

Во планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план, регулационата линија кај сите градежните парцели се поклопува со линијата на градежната парцела.

3.4. Граница на градежна парцела

Согласно член 16 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), граница на градежна парцела како планска одредба во урбанистички план е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

3.5. Градежни парцели

Согласно член 17 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) градежна парцела е ограничена со регулаторни линии – регулациона линија и граница на градежна парцела кои се плански одредби во урбанистички план и урбанистичко планка документација што ја обележуваат промената на ноителот на право на градење.

Со предметниот Детален урбанистички план, а во согласност со важечките ГУП на град Охрид, Плански период 2002-2012 (Одлука бр.07-1438/2 од 30.06.2006год.), ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.), ЛУПД за ГП 5.3, УЗ 2, УБ 2.2. на КП 16550, КО Охрид, општина Охрид, (Одлука бр. 07-1257/37 од 01.06.2010 год.) и ЛУПД за Урбана заедница 2, Урбан блок 2.2, градежна парцела 5.9, КП 16558, КО Охрид, општина Охрид, (Одлука бр. 07-1257/30 од 01.06.2010 год.), на парцелираното градежно земјиште на предметниот плански опфат, се задржуваат предходно дефинираните градежни парцели, односно се потврдуваат вкупно 19 градежни парцели со вкупна површина од 9.032,85м^2.

3.6. Намена на земјиште

Намената на земјиштето согласно член 24 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) се уредува на ниво на градежни парцели.

Во планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план, согласно Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) дефинирани се следните групи на класи на намена и поединични класи на намена:

Домување - група на класа на намени А:

- Домување во станбени куќи - основна класа на намена **А1;**
- Домување во станбени згради - основна класа на намена **А2;**

Дополнително, наведените основни класи на намени се дополнуваат со компатибилни класи на намени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и тоа:
А1 – Домување во станбени куќи се дополнува со следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- **Б1 – Мали комерцијални и деловни намени** до максимално 30%,
- **В1 – Образование и наука** до максимално 30%,
- **В2 – Здравство и социјална заштита** до максимално 30%,
- **Д3 – Спорт и рекреација** до максимално 30%.
- **Б5 – Хотелски комплекси** до максимум 5%,
- **Г2* – Лесна и незагадувачка индустрија** до максимално 5%.

*Компатибилни класи на намени на основната класа на намена кои се утврдуваат само при вклопување на градби кои стекнале правен статус согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 30%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17).
Основната класа на намени **А2 – Домување во станбени згради** се дополнува со следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- **Б5 – Хотелски комплекси** до максимум 15%,
- **Б1 – Мали комерцијални и деловни намени** до максимално 20%,
- **Б2 – Големи трговски единици** до максимално 30%,
- **Б4 – Деловни простории** до максимално 20%,
- **В3 – Култура** до максимално 40%,
- **В4 – Државни институции** до максимално 10%,
- **Д3 – Спорт и рекреација** до максимално 40%,

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 40%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Со предметниот Детален урбанистички план, утврдени се и следните групи на класа на намена, односно основни класи на намена:

Инфраструктура - група на класа на намени Е:

- Комунална инфраструктура - основна класа на намена **Е1;**

За нив, во рамките на планскиот опфат, предмет на овој Детален урбанистички план, не се предвидува компатибилна класа на намена.

3.7. Градежни линии и помошни градежни линии

Согласно член 34 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.

Во планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план, градежната линија за сите видови на градби е на различно растојание од регулационата линијата и од линијата на градежните парцели. Во Деталниот урбанистички план употребена е и помошна градежна линија како ознака за промена на висина во рамките на површината за градење.

3.8. Површини за градење

Согласно член 37 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16) површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите. Површината за градење е дефинирана во рамките на една градежна парцела и не може да се протега низ две или повеќе градежни парцели, односно во една градежна парцела по правило треба да има една површина за градење во која може да се гради само една градба.

Понатамошната разработката на градежните парцели ќе биде со Основен проект.

3.9. Максимална височина на градбите и катност

Согласно член 41 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) плански одредби за ограничување на височината на градбите во урбанистичкиот план се висинска кота на тротоар или пристапна сообраќајница, височина на приземна или нулта плоча, максимална височина на градбата, максимален број на спратови, максимална височина на кровната конструкција и правила на градење над максималната височина на градбата.

Висинската кота на тротоарот се уредува во нивелманскиот план кој е графички прилог на урбанистичкиот план и се изразува како кота на надморска височина.

Максималната височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикална рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија или дозволеното пречекорување. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела и притоа се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.

Максималната височина на градбата се формулира како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектна документација се докаже дека се исполнети услови утврдени со планот за достигнување на максимална височина на градбата, која често се однесува на обезбедување на потребен број на паркинг места согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Согласно член 44 на цитираниот Правилник, при одредување на максималната височина на градбата се почитуваат стечените права од важечките урбанистички планови.

Дополнително, согласно дописот од општина Охрид, бр. 19-2929/1 од 10.03.2020 година, а во врска со Планот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029), донесен од Влада на Република Македонија на седница одржана на 21.02.2020 година (Сл. Весник на РМ бр.45/20), почитувани се пропишаните заштитни мерки во однос на максималната висина на градбите во рамките на предметниот

плански опфат. Имено, согласно зонирањето на градот Охрид утврдено во Планот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029), предметниот плански опфат се наоѓа во т.н. втора урбана зона, во која, маскималната висина на ново-планираните градби е ограничена на П+3.

Од тука, во планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план, максималната височина на градбите со намена А1 – домување во станбени куќи е 10,2м со катност од П+2+Пк, додека за градбите со намена А2 – домување во станбени згради е 13,2м и катност П+3. Икслучок е градежната парцела 2.2.2, која има катност П+4, утврдена со предходна планска документација (ЛУПД за ГП 5.3, УЗ 2, УБ 2.2 на кп 16550, КО Охрид – Општина Охрид, Одлука бр. 07-1257/37 од 01.06.2010 година).

Максималната височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот од страна на пристапната улица или котата на средната точка на оската на градежната парцела, за градбите со група на класа на намена А – домување или мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето треба да е максимум 1,20м. Максималната височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот за сите градби кај кои градежната линија се совпаѓа со регулационата линија.

Максимална височина на слеме е планска одредба која ја претставува највисоката точка на кровната конструкција или највисоката хоризонтална линија на пресекот на накривените рамнини што го формираат покривот. Височината на слемето се одредува и мери од котата на горниот, односно завршниот венец на градбата.

При изработката на основните проекти за одделните градежни парцели од предметниот плански опфат, да се почитуваат членовите 46, 47 и 48 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), а во врска со дозволената височина на слемето, можностите за формирање на различни типови на покриви и дозволените одстапувања од силуетата на кровот.

3.10. Процент на изграденост

Согласно член 49 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16), процентот на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Дополнително, согласно дописот од општина Охрид, бр. 19-2929/1 од 10.03.2020 година, а во врска со Планот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029), донесен од Влада на Република Македонија на седница одржана на 21.02.2020 година (Сл. Весник на РМ бр.45/20), почитувани се пропишаните заштитни мерки во однос на максималната висина на градбите во рамките на предметниот плански опфат. Имено, согласно зонирањето на градот Охрид утврдено во Планот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029), предметниот плански опфат се наоѓа во т.н. втора урбана зона, во која, процентот на изграденост на ново-планираните градби е ограничен на 50%.

Во планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план оваа планска одредба за ниедна ново-планирана градба не надминува маскимални 50,0%. Икслучок е градежната парцела 2.2.2, која има кпроцент на изграденост од 63,2%, утврдена со предходна планска документација (ЛУПД за ГП 5.3, УЗ 2, УБ 2.2 на кп 16550, КО Охрид – Општина Охрид, Одлука бр. 07-1257/37 од 01.06.2010 година).

3.11. Коефициент на искористеност

Согласно член 50 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), коефициентот на искористеност на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитето на изграденост на градежното земјиште.

Во планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план оваа планска одредба се движи до 3,22 за градби со намена А2 – Домување во станбени згради односно до 2,00 за градби со намена А1 – Домување во станбени куќи.

3.12. Комунална инфраструктура – сообраќајна инфраструктура

Освен обезбедување на архитектонско-урбанистички параметри за градба, планскиот концепт се потпира и на предвидената квалитетна инфраструктура за динамичкиот и стационарниот сообраќај.

3.12.1 Динамички сообраќај

Сообраќајната инфраструктура се карактеризира со висок степен на реализираност. Пристапот во планскиот опфат е преку улицата "Страшо Пинџур" на северо-исток, улицата "Јане Сандански" на југо-исток, улицата "Партизанска" на југо-запад и улицата "Серафим Китаноски" на северо-западната страна на планскиот опфат, сите со висок степен на реализираност на планираниот уличен профил.
Наведените улици "Партизанска" и "Јане Сандански" се целосно преземени од планското решение во ГУП на град Охрид, Плански период 2002-2012 (Одлука бр.07-1438/2 од 30.06.2006год.), каде се категоризирани како сервисни улици, а согласно важечките нормативи во периодот кога е изработено планското решение.
Согласно член 63 став (5) од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), од сервисни улици пристапот кон градежните парцели е директен и следствено на тоа од улиците "Партизанска" и "Јане Сандански" е дозволен дирктен пристап кон градежните парцели во рамки на предметниот плански опфат.
Останатите две наведени улици, односно улиците "Страшо Пинџур" и "Серафим Китаноски" се целосно преземени од планското решение во ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.), каде се категоризирани како станбени улици, и од нив е обезбеден директен пристап во градежните парцели во рамки на предметниот плански опфат.
Подолу е даден преглед на планираните сообраќајници:

Пресек 1-1 сервисна улица "Партизанска"

Улицата "Партизанска" согласно важечкиот ГУП за град Охрид, плански период 2002-2012 (Одлука бр.07-1438/2 од 30.06.2006год.) е планирана како сервисна улица со регулациона широчина од 17,5м. Со предметниот Детален урбанистички план целосно е преземена планираната регулациона широчина од важечките планови, со почитување на поделбата на сообраќајните елементи согласно важечкиот ГУП на град Охрид, и согласно тоа оваа улица се планира како сервисна улица, со регулациона широчина од 17,5м.
Согласно член 63 став (5) од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), дозволен е пристап во градежните парцели.

Попречниот профил на оваа улица ги содржи следните елементи:

тротоар **2x2,25м**
заштитно зеленило **2x2,0м**
коловоз **2x4,5м**

ВКУПНО: **17,5м**



Состојба: висок степен на реализација

Пресек 2-2
сервисна улица "Јане Сандански"

Улицата "Јане Сандански" согласно важечкиот ГУП за град Охрид, плански период 2002-2012 (Одлука бр.07-1438/2 од 30.06.2006год.) е планирана како сервисна улица со регулациона широчина од 13,05м. Со предметниот Детален урбанистички план целосно е преземена планираната регулациона широчина од важечките плански документации, со почитување на поделбата на сообраќајните елементи согласно важечкиот ГУП на град Охрид, и согласно тоа оваа улица се планира како сервисна улица, со регулациона широчина од 13,05м.
Согласно член 63 став (5) од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), дозволен е пристап во градежните парцели.

Попречниот профил на оваа улица ги содржи следните елементи:
тротоар **1x1,8м**
тротоар **1x2,25м**
коловоз **2x4,5м**

ВКУПНО: **13,05м**



Состојба: висок степен на реализација

Пресек 3-3 **станбена улица "Серафим Китаноски"**

Улицата "Серафим Китаноски" се улица дефинирани со важечкиот ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.). Согласно барањето во допис од Министерство за транспорт и врски – Сектор за уредување на просторот бр.21 – 272/2 од 04.02.22, за улицата "Серафим Китаноски" се презема трасата од ДУП „Детален урбанистички план за УЗ 2, дел од УБ 2.2 “, опфат 3 Општина Охрид, Плански период 2008-2013, општина Охрид (Одлука бр.07-472/7 од 26.02.2009) , со регулациона широчина од 10,0м и истите се целосно преземени во предметниот Детален урбанистички план. Согласно тоа, оваа улица е планирана како станбена улица, со регулациона широчина од 10,0м.

Попречниот профил на овие улици ги содржи следните елементи:
тротоар **2x2,25м**
коловоз **2x2,75м**

ВКУПНО: **10,0м**



Состојба: висок степен на реализација

Пресек 4-4 **станбена улица "Страшо Пинџур"**

Улицата "Страшо Пинџур" е улица дефинирана со важечкиот ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.), со регулациона широчина од 8,5м и истите се целосно преземени во предметниот Детален урбанистички план. Согласно тоа, оваа улица е планирана како станбена улица, со регулациона широчина од 8,5м.



Попречниот профил на овие улици ги содржи следните елементи:

тротоар	**2x1,5м**
коловоз	**2x2,75м**
ВКУПНО:	**8,5м**

Состојба: висок степен на реализација

3.12.2 Стационарен сообраќај

Стационарниот сообраќај - паркирање на моторните возила за градежните парцели со класа на намена А1-домување во станбени куќи и А2-домување во станбени згради се предвидува да се реши во сопствената парцела со почитување на потребен број на паркинг места како основен услов за изградба на максимално дозволената висина и површина за градба. Минималниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) според следните нормативи:

- А1 - домување во станбени куќи: 1 паркинг место на една станбена единица и
- А2 - Домување во станбени згради: на 80м^2 од вкупно изградена површина по една паркинг место (за станбени згради кои се лоцирани вон централното градско подрачје).

При изработка на проектната документација за одделните градежни парцели, доколку се користи дозволениот процент на учество на компатибилна класа на намена во површината на основната класа на намена, задолжително да се пресмета минималниот потребен број на паркинг места соодветно на класата на намена која учествува како компатибилна, а во согласност со член 59, на цитираниот Правилник.

Со предметниот Детален урбанистички план се дозволува реализација на заедничко подземно и надземно паркирање за две или повеќе парцели преку заеничка пристапна комуникација, заради обезбедување на потребниот број на паркинг места, по добиена согласност од сопствениците на градежното земјиште кое е опфатено со предметните градежни парцели.

3.12.3 Нивелмански план

Со предметниот Детален урбанистички план, целосно се усвојува нивелманскиот план утврден со важечката планска документација за дадениот плански опфат:

- ГУП на град Охрид, Плански период 2002-2012 (Одлука бр.07-1438/2 од 30.06.2006год.)
- ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.)

Котата на приземјето на градбите, пристапот и партерното уредување на дворовите ќе се усогласат со нивелетата на улиците и условите на теренот. Во графичките прилози прикажани се апсолутните коти и кординатите на осовинските точки.

3.13. Комунална инфраструктурна мрежа

Во рамките на предметниот плански опфат, водоводната, фекалната и атмосферска канализациона, електро-енергетската и телекомункацискатa инсталациона мрежа се карактеризираат со висок степен на реализација, додека гасоводната и тополоводната инсталациона мрежа воопшто не биле предмет на планирање во минатото. Со предметниот

Детален урбанистички план не е предвидена гасоводна и топлификациона инфраструктура и истата ќе биде предмет на идна разработка со проекти за инфраструктура.

При понатамошна разработка на инфраструктурните водови да се внимава истите да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори, по можност сместени во непарцелираното градежно земјиште за општа употреба. Дополнително, се препорачува инфраструктурните водови да се водат во соодветни заштитни цевки со поголем дијаметар кој ќе овозможи интервенција на водовите. Во графичките прилози инфраструктурните водови се прикажани како плански решенија. Врз основа на овие прилози треба да се изработат идејни или директно основни проекти за инфраструктурните водови. За линиските инфраструктурни градби по потреба, може да се изработат и Проекти за инфраструктура.

3.13.1 Водовод

Согласно известувањето од МЈП Проаква, Охрид, бр.09-485/1, во рамките на предметниот плански опфат или во негова непосредна близина ја има следната инфраструктура:

- Водоводен крак Ø225 долж улицата "Партизанска" на југо-западниот дел од опфатот;
- Водоводен крак Ø110 долж улицата "Серафим Китаноски" на северо-западниот дел од опфатот;
- Водоводен крак Ø90 долж улицата "Страшо Пинџур" на северо-источниот дел од опфатот;
- Водоводен крак Ø90 долж улицата "Партизанска" на југо-западниот дел од опфатот;
- Водоводни краци во внатрешноста на планскиот опфат од 2“, на начин прикажан во графичкиот прилог.

Со предметниот Детален урбанистички план се предвидува проширување на постојната и планираната водоводна инфраструктура од планските решенија предвидени во важечкиот ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.) во согласност со развојните плански решенија, со зголемување на попречните пресеци на цевките согласно хидрауличките пресметки. Дополнително, се планира затворање на секундарната водоводна мрежа во прстен со планирање на дополнителен крак долж ул. Јане Сандански. При разработка на инфраструктурните водови земено е в предвид дека истите ќе се приклучат на постојната градска водоводна мрежа, која согласно ГУП за град Охрид е планирана со стандард од 180 до 265л/ден. Имајќи в предвид дека водоснабдителната норма или специфичната потрошувачка на вода претставува посечна потрошувачка на вода изразена во литри на ден по еден жител за потребите на пресметки искористен е стандардот кој е дефиниран зависно од големината на населеното место, културата на населението, навиките на луѓето, развиеноста на стопанството и други фактори. Според тоа, градот Охрид се квалификува во средно големи градови каде водоснабдителна норма е утврдена како:

Q_0 = 500 л/ден/ж. (водоснабдителна норма)
α_1 = 1,30 коефициент на дневна нерамномерност
α_2 = 1,50 коефициент на часова нерамномерност

Соодветно на тоа направена е следната пресемека:

Средно дневна потрошувачка

Број на жители, посетители, вработени во комерцијалните и деловни објекти за планскиот период изнесува: N = 221 жители (планирано зголемување на број на жители)

$Q_{ср/ден}$ = N x Q_0 = 221 x 500 = 110500 л/ден

$$q_{ср/ден} = \frac{Q\,ср/ден}{86400} = \frac{110500}{86400} = 1{,}28 \text{ л/сек}$$

Максимална дневна потрошувачка

$Q_{макс/ден} = Q_{ср/ден}$ x α_1 = 110500 x 1,30 = 143650 л/ден

$$q_{макс/ден} = \frac{Q\,макс/ден}{86400} = \frac{143650}{86400} = 1{,}66 \text{ л/сек}$$

Максимална часовна потрошувачка

$Q_{макс/час} = Q_{максден}$ x α_2 = 143650 x 1,50 = 215475 л/час

$$q_{макс/час} = \frac{Q\,макс/час}{86400} = \frac{215475}{86400} = 2.49 \text{ л/сек}$$

Количество на вода за противпожарна заштита

Према важечките технички прописи за заштита на населението и објектите од пожар, предвидено е да во случај на пожар се јави истовремено еден пожар со количество на вода од 15 л/сек., за населени места над 5 000 жители, без оглед на отпорноста на објектите спрема пожар $q_{пож}$ =15 л/сек.

Вкупна количина на вода која треба да се обезбеди изнесува:

$Q = Q_{макс/час} + q_{пож}$ = 2.49 + 15 = 17,49 л/сек.

За оваа количина на вода одговара водоводен приклучок со PE цевка Ø110 (ID100) мм со следни карактеристики: брзина на вода V = 4,72 (л/сек) и хидраулички губитоци од J=0.0105м/м'. Согласно тоа, предходно планираните водоснабдителни водови со Ø90 долж улицата "Страшо Пинџур" и улицата „Партизанска", како и кракот од 2" со предметниот ДУП се планира да се заменат со минимален профил на вод од PE цевка Ø110 (ID100) мм, а согласно горе-наведените пресемтки.

При понатамошна разработка на водоводната мрежа со проектна документација задолжително да се изработат дополнителни хидраулички пресметки.

3.13.2 Фекална канализациона мрежа

Согласно известувањето од ЈП Нискоградба – Охрид бр. 09-332/2 од 13.03.2019 година, во рамки на предметниот плански опфат и негова непосредна близина ја има следната фекална канализациона мрежа:

- постојна фекална канализација Ø200 долж улицата "Серафим Китаноски", на северо-западниот дел од опфатот;
- постојна фекална канализација Ø200 долж улицата "Страшо Пинџур", на северо-источниот дел од опфатот;
- постојна фекална канализација Ø200 долж улицата "Јане Сандански", на југо-источниот дел од опфатот;
- постојна фекална канализација Ø500 долж улицата "Партизанска", на југо-западниот дел од опфатот .

Во важечкиот ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.), е наведено дека не се предвидени нови инсталации од фекална канализациона мрежа согласно Извод бр. 19-6356/5 од 26.12.2016 година, точка 1.4 Инфраструктурни системи, од Плански решенија за уредување на опфатениот простор, односно дека: „просторот е доволно покриен со инсталации од фекална канализација, така да истите ќе ги покријат и новите потреби“.
Со предметниот Детален урбанистички план се предвидува изградба на сепарациона канализациона мрежа, при што, планирано е проширување на постојната фекална инфраструктурна мрежа во согласност со важечкиот ГУП на град Охрид и притоа, земено е в предвид дека истите ќе се приклучат на постојната градска фекална мрежа.

Канализирањето е предвидено да се врши гравитациски. Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, која ќе се состои од канали кои што ќе се водат по планираните сообраќајници. За одведување на капацитетот на мрежата прифатен е нормативот согласно кој само 80% од искористената вода од населението во локалитетот се одведува во канализациониот систем. Останатите 20% од искористените води нема да се испуштаат во фекалната канализација (миење на улици, поливање на зелени површини и др.).

Исто така, се планира да количините на фекалните води во мрежата се зголемат и од инфилтрацијата на подземната вода за 25%. Овие количини на отпадни води се зголемуваат за 1,5 пати во деновите на максималната оптоварувачка.
Часовиот максимум е за 1,3 пати поголем од деновите на максималната потрошувачка. Планираниот инфраструктурен систем на отпадните води ќе биде димензиониран на овие коефициенти.

Средно дневна количина

$Q_{ск/ден} = 80\% \times Q_{ср/ден} = 0,8 \times 110500 = 88\ 400$ л/ден.

Максимална дневна количина

$Q_{мах/ден} = k_o \times Q_{ск/ден} = 1,71 \times 88\ 400 = 151164$л/ден.

Каде k_o е општ коефициент на нерамномерност за протоците од комуналните води и истиот се пресметува во 14 часовен погон на канализацијата:

$k_o = 24/14 = 1,71$

Притоа, при димензионирање на профилот на фекалната канализација се зема двојно поголем проток:

$q_{мах/ден} = 2xQ_{мах/ден} = 302328$л/ден.

$q_{мах/сек} = q_{мах/ден} / 86400 = 3.49$ л/с.

Имајќи ја в предвид пресметката од погоре, со предметниот Детален урбанистички план не се предвидуваат нови инсталации за фекална канализациона мрежа, туку целосно се преземаат постојните од важечкиот ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.), долж улицата "Серафим Китаноски" со Ø300 и на улицата "Партизанска" со Ø400. Заради постојаната можност од инфилтрација на поземни води, профилите на канализационата инфраструктура долж улиците "Јане Сандански" и "Страшо Пинџур" се менуваат од Ø200 на Ø300.

3.13.3 Атмосферска канализациона мрежа

Согласно известувањето од ЈП Нискоградба – Охрид бр. 09-332/2 од 13.03.2019 година, во рамки на предметниот плански опфат и негова непосредна близина ја има следната атмосферска канализациона мрежа:

- постојна атмосферска канализација Ø500 долж улицата "Јане Сандански", на југо-источниот дел од опфатот;
- постојна атмосферска канализација Ø500 долж улицата "Партизанска", на југо-западниот дел од опфатот .

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализациски систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали, а кои ќе се водат по главните сообраќајници и по сообраќајници за кои постојат услови за канализирање по гравитациски план.

Атмосферската канализација ќе се евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Со предметниот Детален урбанистички план се предвидува изградба на сепарациона канализациона мрежа, при што, планирано е проширување на постојната атмосферска канализација. Имено, при разработка на инфраструктурните водови земено е в предвид дека истите ќе се приклучат на постојната градска атмосферска мрежа, при што количината на отпадните атмосферските води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, средниот коефициент на отекување, коефициентот на ретардација (задоцнување) и интензитетот на врнежи за Охрид и сл.

Димензионирањето на атмосферските колектори се врши по формулата:

$$q = Q \times F \times \varphi \times \Psi$$

φ - коефициент на каснење кој зависи од сливната површина
Ψ - коефициент на отекување-усвоен Ψ = 0,55
Вкупната сливна површина која гравитира кон атмосферската канализација изнесува: F=1.182ха. Средните коефициенти на оттекување ќе се пресметаат по формулата:

$$\Psi = F1+\Psi1 \times F2+\Psi2 \times F3+\Psi3 / \Sigma F$$

$$\Psi = \frac{0,4165 x 0.80+0,5049 x 0.15+0,2605 x 0.85}{1.182} = 0,53$$

каде:
F1 - Површина под покриви од куќи, згради, јавни објекти и комерцијално-деловенни објекти
F2 - Површина со зеленило – дворно зеленило
F3 - Површина под улици, тротоари и паркинзи
Ψ1-Коефициент на отекување од покриви
Ψ2-Коефициент на отекување од зеленило
Ψ3-Коефициент на отекување од улици, тротоари и паркинзи

Коефициентот на ретардација ќе се пресмета по формулата:

Ø= 1/ ΣF = 1/ 1,182 = 0.85

Според тоа количината на атмосферска вода за одводнување изнесува:

$$Qatm = F x q1 x \Psi (l/sec) = 1,182 x 110 x 0,50 = 65,01 l/sec$$

F – вкупна сливна површина (ха)
q_1 – специфичен истек (110)
Ψ – просечен коефициент на истекување (0,50)

Согласно тоа, усвоени се димензиите на секундарната мрежа од атмосферската канализација од минимум Ф300мм.

3.13.4 Електро-енергетска инфаструктура и објекти

Согласно известувањето од ЕВН Македонија АД Скопје, КЕЦ Охрид, бр.14-613/2 од 12.02.2018 година, во рамките на предметниот плански опфат како и во неговата непосредна близина има свои инсталации и тоа:

- ниско напонски кабелски водови
- мерни/разводни ормари

Имајќи в предвид дека предметниот плански опфат бил предмет на планирање во минатото и истиот се карактеризира со висок степен на реализираност, направен е пресемтковен модел за утврдување на потенцијална промена во побарувачката и истата е дадена подолу.

Со предметниот Детален урбанистички план предвидени се површини за градба со доминантна класа на намена А – Домување и соодветно на тоа димензионирањето на едновремената моќност на електро-енергетската мрежа ќе биде базирана на едновремената моќност на станбените единици (станови).

Анализа на снаги
А – Домување

Согласно анализите за демографски раст на предметниот плански опфат утврдено е дека во рамките на планираната развиена површина, а согласно просечниот број на членови по домаќинство ќе има 26 домаќинства односно станбени единици со намена А1 – домување во станбени куќи и 38 домаќинства односно станбени единици со намена А2 – домување во станбени згради или вкупно 64 станбени единици.

Пресметката е направена за просечен стан чија инсталирана снага изнесува 30kW. На истата снага коефициентот на едновременост по стан се движи $f_{стан}$=0,3–0,43. Во конкретниот случај усвоено е $f_{стан}$= 0,43 или едновремена снага по стан од 13kW. Коефициентот за бесконечен број на станови изнесува: fφ = 0,185.

За група станови едновременоста ја пресметуваме на следниот начин:

$$fn = f\varphi + \frac{1-f}{\sqrt{1517}} = 0.185 + \frac{1-0.185}{\sqrt{64}} = 0.28$$

Едновремена снага за становите:

ΣRed.st. = Red.st. x n x fn = 13 x64 x 0,28 = 232.96kW

Загревањето на станбениот простор во рамките на преметниот планскиот опфат ќе биде со цврсти, течни горива и електрична енергија. Во рамките на планскиот период на Деталниот урбанистички план се зема дека 70% од градбите ќе се изградат и ќе се загреваат со цврсти и течни горива и електрична енергија. Од нив, за загревање на станбениот простор со електрична енергија усвојуваме едновремена снага по стан од 4.0kW за 25% од становите или:

ΣRed.t.p. = Red.t.p. x n x 0.35 = 4.0 x 64 x 0.25 = 64kW

Вкупна потребна снага за домување:

ΣRed.dom = ΣRed.st. + ΣRed.t.p. = 232.96+64 = 296.96kW

Освен Домување во рамките на планскиот опфат ги има и следните групи и основни класи на намена и соодветно на тоа пресметана е едновремената моќност на секоја од нив поединечно.

Д – Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори

- Заштитно зеленило - основна класа на намена **Д2**
  Вкупна површина: 181,77м^2

181,77м^2 x 0,001kW/м^2 = 0,18kW

Е – Инфраструктура

- Комунална инфраструктура - основна класа на намена **Е1**
  Вкупна површина: 2606.20м^2
  2605.80м^2 x 0,0015kW/м^2 = 3,909kW

Вкупна потребна вршна снага за сите постојни и новопланирани содржини

ΣRed.vk = ΣRed.dom. + ΣRed.zsrm. + ΣRed.i.
ΣRed.vk =296,96+0,18+3,909=301.05kW

Потребен број на трансформаторски станици;

$$N = = \frac{\Sigma Red.vk.}{\eta \cdot Sn} = \frac{301.05}{0,75 \cdot 630} = 0,64$$ трафостаници

Од пресметката е утврдено дека со планските решенија на предметниот Детален Урбанистички план, нема значителни зголемувања на побарувачката на струја и соодветно на тоа напојувањето ќе биде од постојните трафостаници, надвор од планскиот опфат.

Кабелското напојување со среднонапонска и високо-напонска електрична мрежа ќе се определи во понатамошниот тек на разработка на проектна документација, односно со изработка на проекти за инфраструктура и/или основни проекти за електрична мрежа, а во согласност со позитивната законска регулатива.

3.13.5 Улично осветлување

Во рамките на предметниот плански опфат, односно во неговата непосредна близина, долж периметралните улици има постојно улично осветлување, но нема податоци од јавните комунални претпријатија за планирано улично осветлување долж другите улици.

Во предметниот Детален урбанистички план целосно се презема планираното решение за улично осветлување од важечкиот ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.), каде огласно Изводот бр. 19-6356/5 од 26.12.2016 година, точка 1.4 Инфраструктурни системи, од Плански решенија за уредување на опфатениот простор, сообраќајниците се класифицирани во поглед на нивните светлотехнилки карактеристики на следните параметри:

Класа “В-1” градски сообраќајници

- сјајност на коловоз Lm=1,5cd/m^2
- просечна рамномерност на осветлувањето Jim=40%
- висина на поставување на светилките H=8-10m
- светлосен извор Na VT400W
- меѓусебно растојание 20-25m
- начин на поставување еднореден

Класа “С -(В-2)1” градски сообраќајници

- сјајност на коловоз Lm=1,5cd/m^2
- просечна рамномерност на осветлувањето Jim=40%
- висина на поставување на светилките H=8-10m
- светлосен извор Na VT (VTFE) 250W
- меѓусебно растојание 20-25m

- начин на поставување еднореден

3.13.6 Телекомуникациска инфраструктура и објекти

Согласно известувањето од Македонски Телеком АД Скопје, бр.106331/1 од 19.02.2018 година во рамките на предметниот плански опфат има свои инсталации и тоа:

- бакарен кабел долж улицата "Партизанска" на југо-западниот дел од опфатот, "Серафим Китаноски" на северо-западниот дел од опфатот и улицата "Страшо Пинџур" на северо-источниот дел од опфатот;
- кабелска канализација долж улицата "Партизанска" на југо-западниот дел од опфатот и улицата "Јане Сандански" на југо-источниот дел од опфатот.

Дополнително, согласно известување од Агенцијата за електронски комуникации, бр.1404-717/2 од 21.02.2018 година, во рамките на предметниот плански опфат, освен споменатиот бакарен кабел во владение на Македонски Телеком АД Скопје, дополнително има и:

- оптички кабел долж улицата "Партизанска" на југо-западниот дел од опфатот, улицата "Јане Сандански" на југо-источниот дел од опфатот, улицата "Страшо Пинџур" на северо-источниот дел од опфатот.
- коаксијален кабел долж улицата "Страшо Пинџур" на северо-источниот дел од опфатот.

Развојот на телекомуникациската мрежа се планира да се изведе со полагање на оптички кабли и нивно завршување во непосредна близина на крајните корисници користејќи ја технологијата точка – повеќе точки P2MP, FTTH (point to multypoint, fiber to the home). Принципот точка – повеќе точки предвидува пропусниот опсег од едно влакно со користење на пасивни оптички сплитери да се подели на повеќе корисници.

Со предметниот Детален урбанистички план предвидени се коридорите на телекомуникациската инфраструктура, но нивна понатамошна разработка, како и приклучување на постојната мрежа ќе биде прецизно разработено со основни проекти во склад со развојните програми на Македонски Телеком АД Скопје.

3.13.7 Гасоводна инфраструктура

Согласно известување од ГА-МА АД - Скопје, во рамките на предметниот плански опфат или во негова непосредна близина нема траса на планиран и изведен гасовод.

Во важечките плански документации за предметниот плански опфат не е планирана гасоводна инфраструктура, и согласно на тоа во предметниот Детален урбанистички план не се планирани никакви инсталации за гасоводна инфраструктура.

3.14. Хортикултура и партер

Со важечкиот ГУП на град Охрид, Плански период 2002-2012 (Одлука бр.07-1438/2 од 30.06.2006год.), за предметниот плански опфат не се предвидени зелени површини од јавен карактер и не е зададен процент на зазеленетост по глава на жител. Со важечкиот ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.), исто така не се предвидуваат зелени површини од јавен карактер, освен дрворедот долж сообраќајницата на улица “Партизанска“, како и основното зеленило кое го чинат зелените површини на индивидуалните градини.
Имајќи го тоа во предвид, со предметниот Детален урбанистички план, слободниот неизграден дел од градежните парцели се предвидува хортикултурно да се уреди со високо и ниско

зеленило и да се затревни. За таа цел се предвидуваат еден типа на зеленило и неговата површина е дадена подолу во табелата:

Степен на озеленетост во рамките на планскиот опфат на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.2 – ОПФАТ 3, ОПШТИНА ОХРИД		
	Површина ($м^2$)	Процент на озеленетост (%)
Дворно зеленило	4,867.63	41.18
ВКУПНО:	**4,867.63**	**41.18**

Табела 3.14.1

Дополнително, во рамките на планскиот опфат постои и линеарно зеленило во форма на улични дрвореди во вкупна површина на заштитното зеленило од 181,77$м^2$, и истите биле предмет на уредување во важечкиот ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.), преку дефинирање на профилите на улична мрежа (улица „Партизанска“), и од таму целосно се презема во планското решение во предметниот Детален урбанистички план.
Степенот на озеленетост да е во согласност со Законот за зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и 42/20).

3.15. Елементи на обликување на градбите во градежните парцели

За сите градби во планскиот опфат да се предвидвиди употреба на висококвалитетни градежни материјали (High-tech материјали), со добри карактеристики. Дополнително, за сите градби:

- да се применат асеизмички конструктивни системи;
- применетите материјали за бидат издржливи на пожар;
- градбите мора да имаат максимална термичка и звучна изолација, односно да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, како услов за заштеда на енергијата, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина (Агенда 21);
- да се градат градби со примена на помала количина на градежен материјал и со релативно помали тежини;
- да се применат квалитетни естетски современи материјали за завршна обработка на градбите со препознатлив локален архитектонскиот израз на градбите;
- доколку сончевата енергија се искористи преку употреба на сончеви колектори, истите да бидат така поставени да не го нарушуваат архитектонскиот израз на градбите;
- обврзно да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања, при изработка на основните проекти на градбите со намена А2 – Домување во станбени згради.

Градежните парцели може да бидат заградени. Оградата да се изработи согласно позитивната законска регулатива.

4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

При проектирањето на градбите како и при понатамошната разработка со Основни проекти, неопходно е да бидат запазени прописите од Правилникот за суштински барања за градежни објекти (Сл. Весник на РМ бр. 74/06), како и да се почитува Законот за заштита на животната средина и природата.

4.1. Мерки за заштита на културното наследство

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

По писменото обраќање до Управа за заштита на културно наследство при Министерството за култура, за предметниот плански опфат е добиен одговор со писмо бр. 17-573/2 од 12.02.2018 година со кое наведуваат дека планскиот опфат се наоѓа во контактната зона на споменичката целина „Старо градско јадро на Охрид“ прогласена за културно наследство од особено значење со Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Сл. Весник на РМ бр. 47/11 и бр.154/15). Согласно известувањето потребно е пред отпочнување на земјено-градежните работи да се контактира НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид за изработка на заштитно-конзерваторски основи за предметниот плански опфат.

Писмото е прилог на документационата основа на Деталниот урбанистички план.

Соодветно на тоа, изработени се Заштитно конзерваторски основи, бр. 13-431/2 од 17.04.2018 година, од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, за кое е добиено Решение за одобрување на Заштитно-конзерваторски основи за недвижното културно наследство на подрачјето на предметниот опфат, писмо бр. УП 17-386 од 29.05.2018 година.

Во истите , во точка 3 - Режим на заштита, наведено е дека контактната зона од заштитената споменичка целина во чии граници потпаѓа планскиот опфат се предлага трет степен на заштита, каде непосредната заштита се изведува според општите прописи и посебно пропишани услови зададени во точка 3, подточка 1.0 – 1.6, од Заштитно конзерваторски основи, бр. 13-431/2 од 17.04.2018 година, од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид.

Дополнително, согласно друг допис од општина Охрид, бр. 19-2929/1 од 10.03.2020 година, а во врска со Планот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029), донесен од Влада на Република Македонија на седница одржана на 21.02.2020 година (Сл. Весник на РМ бр.45/20), потребно е се почитуваат пропишаните заштитни мерки во однос на максималната висина на градбите и процент на изграденост на градежните парцели во рамките на предметниот плански опфат. Имено, согласно зонирањето на градот Охрид утврдено во Планот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029), предметниот плански опфат се наоѓа во т.н. втора урбана зона. Втората зона преставува простор кој содржи значајни елементи на историската структура и културно наследство со различен степен на зачуваност. Преку мерките за заштита во оваа зона се заштитуваат основните елементи на планско-урбанистичката матрица и карактеристичните групи градби (амбиентални објекти), поединечно заштитените добра, пред се, во однос на габаритот и историската содржина. На територијата од оваа зона ќе се преземаат интервенции кои се во насока на приспособување на функцијата и содржината на современите потреби, но без значајни измени на зачуваните архитектонско-естетски елементи на заштитените и амбиенталните добра. Прифатливи методи на заштита се конзервација, реконструкција, интерполација, рекомпозиција и интеграција во смисла на вклопување на културните добра со новите структури и содржини кои произлегуваат од новите потреби. Со оглед на специфичниот историски контекст на развој, сите интервенции (земјани/градежни) се условени и со археолошки истражувања или надзор. Во однос на

катноста, во втората зона не смеат да се градат објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 50%.

Согласно Планот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029), Целта на планирањето на заштитата, особено кога се работи за регион кој е светско наследство, е да се даде приоритет на зачувувањето на постојните историски градби со нивниот контекст. Новите градби се потребни за воспоставување функционален и архитектонски континуитет и треба да го изразат духот на денешницата со дизајн темелен на јасна и системска анализа на историската морфологија на постојните урбани градби и нивната функција.

Во контекст на урбаното планирање, ревитализацијата може да се користи за подобрување на општествените и економските активности на делот од културно-историското одрачје на градот, кој го изгубил своето оригинално функционално живеење. Тоа ќе се постигне со преземање активности (конзервација/реставрација) кои ќе овозможат враќање на вредностите на тоа градителското наследство и на урбаните простори кои почнале да го губат своето значење. Користењето на ревитализираното културно наследство ќе биде во согласност со мерките на заштита, односно нема да се дозволи намена која дополнително ќе влијае на нарушување на интегритетот на наследството. Токму затоа, целта на ревитализацијата во овие простори ќе биде воспоставување на рамнотежа меѓу заштитата и развојот.

4.2. Мерки за заштита на животна средина

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

Согласно Заштитно конзерваторски основи, бр. 13-431/2 од 17.04.2018 година, од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, во точка 5 - Посебни мерки, наведени се Мерки за унапредување на квалитетот на животната средина, и истите треба да бидат имплементирани при реализација на предметниот Детален урбанистички план.
Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Градежните парцели се развиваат согласно современите урбанистички принципи со доминантна класа на намена А – Домување и затоа проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се изразени.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- Интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила) и нивното делување и благовремено укажување на критичните метеоролошки појави.
- Примена на соодветни техничко-технолошки мерки.
- Обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења.
- Подигање и оформување на заштитни зелени појаси (дрвореди).
- Подобрување на состојбата со зелените јавни површини со правилен распоред и создавање на поврзан сиетем на зеленило во планскиот опфат.

Овој плански опфат нема негативно да влијае на околината.

Сите слободни површини од парцелата хорикултурно да се уредат со зеленило.

Планирана е изведба на комплетна комунална инфраструктура, така што нема опасност од загадување на подземните води.

Прашањето на одвоз на отпад да се реши во договор со надлежните институции за собирање на отпадот за осигуран континуиран одвоз, и да се постават контејнери према видот на одпадот. Просторот околу контејнерите да се уреди за овозможување услови за одржување и несметан пристап од сообраќајница.

Законска регулатива која ја уредува областа за заштита на животната средина, релевантна за изработка на ДУП-от е следна:

- Закон за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 100/12, 163/13, 10/15, 146/15);;
- Закон за управување со отпадот (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 9/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
- Закон за водите (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Уредба за класификација на водите (Сл. весник на РМ бр. 18/99 и 146/15);
- Закон за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18);
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и други законски и подзаконски акти.

4.3. Заштита на почвата и подземните води

При изградба на содржините во склоп на планскиот опфат, да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води. Изградбата на новите содржини вклучува одстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и одстранување на поголема количина на почва. При реализација на активностите на терен да се избегне непотребно губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на постојните екосистеми.

Употребата на тешка механизација во фазата на градба ќе предизвика зголемување на механичкиот притисок врз почвата, односно набивање и компактирање на површинскиот слој. Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата, како и растот на корењата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието може да се смета за краткотрајно.

Во смисол на заштита на подземните води потребно е изведба на непропусна канализација за одводнување на отпадните води, како на фекалните така и на атмосферските. Дополнително се предвидува:

- Заштита на проточните и подземните води има приоритети со соодветно техничко технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадни води, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет и др.)
- Неутрализирање на штетните отпадни материи пред испуштање во канализациона мрежа.

Со предметниот Детален урбанистички план се презема и проширува, планираната и постојната канализациона инфраструктура од важечкиот ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.), а согласно хидрауличките пресметки.

Исто така, согласно Заштитно конзерваторски основи, бр. 13-431/2 од 17.04.2018 година, од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, во точка 5 - Посебни мерки, наведени се Мерки за заштита од последици од загадување, и истите треба да бидат имплементирани при реализација на предметниот Детален урбанистички план.

4.4. Заштита од бучава

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајниците треба да се решава со обезбедување на заштитни зелени појаси по должина на тие сообраќајници и формирање на зелени коридори.

Во склоп на подобрување на условите за работа и живеење еден од битните фактори е подигањето на зелени насади во локалитетот и во неговото непосредно окружување.

4.5. Заштита на воздухот

Неопходно е при планирањето на просторот да се води сметка за изворите на загадување, воспоставување на зони на санитарна заштита и континуиран мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Со измената и дополна на Деталниот урбанистички план се предвидува изградба на објекти со намена А – домување и не се очекува значителна концентрација на возила кои би влијаеле на зголемување на концентрацијата на присутни честици во воздухот. Сепак нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. Весник на РМ бр.141/10).

4.6. Управување со отпадот

Согласно со член 7 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РМ, бр.09/11-пречистен текст и бр. 51/11, 123/12, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за екстракција на секундарни суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

Со предметниот Детален урбанистички план се предвидува изградба на објекти со намена А-домување. Согласно тоа, депонирање на отпадот се предвидува да се регулира од надлежното комунално претпријатие.

Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани и поголема количина на почва. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на активностите предвидени со Деталниот урбанистички план потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем;
- изградба на современа инфраструктура;
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура.

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

Исто така, согласно Заштитно конзерваторски основи, бр. 13-431/2 од 17.04.2018 година, од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, во точка 5 - Посебни мерки, наведени се Мерки за заштита од последици од загадување, и истите треба да бидат имплементирани при реализација на предметниот Детален урбанистички план.

4.7. Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 168/17 – пречистен текст) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

- изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
- вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
- уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;
- воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
- обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност, како и при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува: изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства, регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита, како и изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

- засолнување;
- заштита и спасување од поплави;
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
- заштита и спасување од урнатини;
- заштита и спасување од техничко- технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација;
- згрижување на загрозеното и настраданото население;
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- прва медицинска помош;
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

Исто така, согласно Заштитно конзерваторски основи, бр. 13-431/2 од 17.04.2018 година, од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, во точка 5 - Посебни мерки, наведени се Мерки за унапредувањето на квалитетот на животната средина, и истите треба да бидат имплементирани при реализација на предметниот Детален урбанистички план.

4.8. Урбанистичко-технички мерки

4.8.1 Засолнување

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

Тековното и инвестиционото одржување на засолништата го вршат сопствениците или корисниците на истите.

При опасност засолништето мора да се доведе во функција за основната намена во рок од 48 часа, со непречен пристап за лицата за кои е наменето.

Одржувањето, сервисирањето на средствата и опремата во сите засолништа и атестирањето го вршат трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби регистрирани за таква дејност, кои што имаат вработени лица со лиценца за вршање на таква дејност согласно со закон.

Градежни зафати со кои се намалува заштитното својство на засолништето не се дозволени.

Засолништата и другите заштитни објекти можат да се издаваат под закуп, под услов да не се наруши нивната примарна заштитна функција.

Засолништата другите заштитни објекти се издаваат под закуп од страна на нивните сопственици, а за засолништата и другите заштитни објекти чиј сопственик е непознат, издавањето го врши Дирекцијата.

Издавањето на засолништата другите заштитни објекти под закуп се врши согласно со закон.

Дирекцијата води евиденција за изградените засолништа и другите заштитни објекти.

Начинот на водење на евиденцијата за изградените засолништа и другите заштитни објекти го пропишува директорот на Дирекцијата.

4.8.2 Заштита и спасување од поплави

Со писмен допис од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување – Охрид, бр. 09/3-52/2 од 12.02.2018 год., добиени се насоки, покрај заштитата од поплавување на објектите од дефекти на водоводната или канализационата мрежа да се обрне внимание и на заштитата од поплавување на објектите од поројни и подземни води чие што ниво во текот на годината е променливо во зависност од висината на нивото на Охридското езеро и временските услови.

Заштитата и спасувањето од поплави во вакви случаеви подразбира планирање на соодветна атмосферска канализациона инфраструктура, што е предмет на планирање на предметниот ДУП. Дополнително, заштита и спасување од поплави подразбира и навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачја, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на загрозените и настраданите, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

4.8.3 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Со писмен допис од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување – Охрид, бр. 09/3-52/2 од 12.02.2018 год., добиени се насоки, според кои во предвид треба да се земе потребното минимално растојание помеѓу објектите кои се предвидени за изградба од аспект на префрлање на пожарот од еден на друг објект (во зависност од предвидената висина на објектите и пожарното оптоварувања на истите) или од објект на околната вегетација, како и да се опфати Мерката за заштита и спасување од НУС (неексплодирани убојни средства).

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат

соодветни уреди и инсталации за заштиита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди.

Растојанијата на дефинираните градежни линии до границите со соседните парцели овозможуваат несметан пристап, подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Со оглед на својата местоположба, предметната локација потпаѓа во зоната на дејство на професионалната ПП единица од Охрид. Пунктот на истата е лоциран на бул.Македонски Просветители б.б., односно оддалечен е од предметната локација на околу 1.4км. Со оглед на оддалеченоста, но и густината на сообраќајот во овој дел на градот, времетраењето потребно за интервенција на противпожарната единица изнесува околу 5 минути.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита предвидува:

- брз и непречен пристап до градбите;
- градбите се предвидуваат од лесни материјали со помали тежини, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите,
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од најмалку 3 страни,
- внатрешните сообраќајни површини се со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,
- инсталациите, уредите и постројките треба да се изведат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии,
- во општина Охрид која го опслужува овој плански опфат со ПП заштита, има противпожарна едница, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на севисните дејности,
- самиот инвеститор согласно Закон треба да обезбеди потребна противпожарна опрема.
- во понатамошната разработка на објектите со Основни проекти, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување согласно Правилникот за стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења (Сл. Весник на РМ бр. 101/00).

При изработката на Деталниот урбанистички план почитуван е Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 139/15 и 39/16), Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр 32/11 и 145/13), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. Весник на РМ бр. 74/06), Правилник за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правнитие лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати (Сл. Весник на РМ бр. 105/05), Правилникот за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележувања и достапност за употреба (Сл. Весник на РМ бр. 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и

постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

При изработката на основните проекти за градбите, потребно е да се изготви посебен Проект за заштита од пожари за секој објект посебно, како и на целиот комплекс и да се прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, согласно Упатството за содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр.139/10).

Согласноста ја издава Дирекцијата за заштита и спасување.

4.8.4 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Во писмен допис од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување – Охрид, бр. 09/3-52/2 од 12.02.2018 год., не се наведени никакви сознанија за постоење на неексплодирани убојни и други експлозиви средства и затоа не се добиени насоки за разработка на мерки за заштита и спасување од истите. Сепак со во планските решенија на предметниот Детален урбанистички план предвидени се соодветни мерки за заштита.

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неекслодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети горенаведените услови уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на предходно определени и уредени места за таа намена. Соодветно, при превземање на активности за градба на објектите потребно е теренот да се испита.

4.8.5 Заштита и спасување од урнатини

Со писмен допис од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување – Охрид, бр. 09/3-52/2 од 12.02.2018 год., добиени се насоки, според кои во текот на планирањето на просторот, треба да се утврди претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос спрема слободните површини и степенот на проодност. Заштитата од урнатини да се обезбеди со изградба на оптимално сеизмички отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија (за просторот на Охридската котлина со интензитет поголем од 8 MCS), изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

Просторот кој е предмет на анализа има потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во рамки на планскиот опфат, заштитата од урнатините ќе се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, изградени

со помала количина на градежен материјал, релативно помали тежини и соодветни конструктивни системи.

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирањето на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Планскиот опфат се наоѓа во зона на случени земјотреси од 8º по Меркалиј- Канцани – Зиберг, и во склад со овие бројки да се предвиди отпорноста на објектите.

Планските решенија во Детланиот урбанистички план се изработени врз основа на утврдениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Односно, во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, проектното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на Основниот проект.

4.8.6 Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко - технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко- технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и остранување на предизвиканите последици.

На градежните парцели предмет на овој Детален урбанистички план, заради намената на грабите нема можност од појава на технички несреќи.

Но, заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина предвидени се горенаведените превентивни мерки, односно предвидено е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во евентуалните технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, односно нафта и нафтени деривати.

Со писмен допис од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување – Охрид, бр. 09/3-52/2 од 12.02.2018 год., добиени се насоки, според кои се дадени насоки при изготвување и реализација на планското решение како и при изработката на основните проекти за објектите кои ќе бидат изградени да се почитуваат и имплементираат мерките за заштита и спасување согласно Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Правилникот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (СВ на РМ бр. 32/11 и 145/13) , Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр.67/04, 81/07, 55/13 158/14, 193/15 и 39/16) и Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградбата на објектите (Сл. Весник на РМ бр.105/05).

4.8.7 Спасување од сообраќајни несреќи

Спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кои има поголем број повредени и загинати лица и/или е предизвикана голема штета.

Оперативните мерки за спасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на повредените и загинати лица, укажување прва медицинска помош и транспорт до соодветните здравствени установи, како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајните несреќи.

4.9. Хуманитарни мерки

4.9.1 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Евакуацијата на населението во друга општина не смее да доведе до нарушување во извршувањето на нејзините надлежности.

Општина на чие подрачје е сместено евакуираното население ги покрива трошоците за обезбедување на основните услови за живот (сместување, исхрана, здравствена заштита и образование), со тоа што надоместокот за направените трошоци се на товар на општината од која е евакуирано населението, односно на товар на Републиката.

4.9.2 Згрижување на настрадано и загрозено население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

4.9.3 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за остранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуаат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средсва, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спрове-дуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

4.9.4 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување.

Временскиот рок за дејствување на возилата за итна помош, зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника. За предметниот плански опфат кој припаѓа на реонот на Амбулантата на ул. Димитар Влахов бр.69 Охрид, а во рамки на која има пункт на Итна медицинска помош (ИПМ) на растојание од околу 200-300м, тој временски рок би изнесувал приближно 5 мин.

4.9.5 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од жи-вотинско потекло од дејствата на природните непогоди, и други несреќи.

Превентивни мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

4.9.6 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенија и производите од растително потекло опфака превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивни мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

4.9.7 Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат

животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите, како и асанација на објектите за водоснабдување.

5. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за изготвување на Извод од Детален урбанистички план.

Основните урбанистички параметри за урбанистичко планирање се дефинирани според Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и со содржина согласно Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план, формата, содржината и начинот на обрбаотка на урбанистичко-планските документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржина, формата и начинонот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр.142/15).

Одобрението за градба ќе се издава врз основа на изработен Основен проект за градбите.

5.1. Плански опфат

Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на член 5, 6 и 7 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Согласно член 7 од предходно цитираниот Правилник, границата на планскиот опфат треба да биде рационална, економична, правилна линија со колку што е можно помала должина.

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно доставената документација во дигитален формат од општина Охрид, писмо бр.19-6356/8 од 06.03.2017 година, а во согласност со ГУП на град Охрид, Плански период 2002-2012 (Одлука бр.07-1438/2 од 30.06.2006год.) и ДУП за урбан модул 5 во ПЦГП-Охрид, Плански период 2003-2008, (Одлука бр.07-994/7 од 14.09.2004год.). и истата е усвоена со предметниот Детален урбанистички план.

Вака утврдениот плански опфат има површина од 11.820ха (11.820,42м^2).

Предметниот плански опфат опфаќа дел од контактната зона на заштитена споменичка целина каде подлежи под режим за заштита од трет степен, согласно Заштитно конзерваторските основи, бр. 13-431/2 од 17.04.2018 година, изработени за планскиот опфат од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид.

5.2. Блокови

Согласно член 11 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) блокот претставува посложена единица на градежното земјиште која се состои од една или повеќе градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба. Границата на блокот се совпаѓа со оски на улици, регулациони линии, наменски зони, граници на градежни парцели и граници на катастарски парцели.

Планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план, е ограничен на дел од УЗ 2, УБ 2.2, согласно ГУП на град Охрид, Плански период 2002-2012 (Одлука бр.07-1438/2 од 30.06.2006год.).

5.3. Регулациона линија

Согласно член 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), регулационата линија е планска одредба со која се означува граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште наменето за поединечна употреба.

Во планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план, регулационата линија кај сите градежните парцели се поклопува со линијата на градежната парцела.

5.4. Граница на градежна парцела

Согласно член 16 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), граница на градежна парцела како планска одредба во урбанистички план е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

5.5. Градежни парцели

Согласно член 17 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) градежна парцела е ограничена со регулаторни линии – регулациона линија и граница на градежна парцела кои се плански одредби во урбанистички план и урбанистичко планска документација што ја обележуваат промената на ноителот на право на градење.

Во планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план има вкупно 19 градежни парцели со вкупна површина од 9.032,85м^2.

5.6. Намена на земјиште

Намената на земјиштето согласно член 24 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) се уредува на ниво на градежни парцели.

Во планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план, согласно Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) дефинирани се следните групи на класи на намена и поединични класи на намена:

Домување - група на класа на намени А:

- Домување во станбени куќи - основна класа на намена **А1;**
- Домување во станбени згради - основна класа на намена **А2;**

Дополнително, наведените основни класи на намени се дополнуваат со компатибилни класи на намени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и тоа:

А1 – Домување во станбени куќи се дополнува со следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- **Б1 – Мали комерцијални и деловни намени** до максимално 30%,
- **В1 – Образование и наука** до максимално 30%,
- **В2 – Здравство и социјална заштита** до максимално 30%,
- **Д3 – Спорт и рекреација** до максимално 30%.
- **Б5 – Хотелски комплекси** до максимум 5%,
- **Г2* – Лесна и незагадувачка индустрија** до максимално 5%.

**Компатибилни класи на намени на основната класа на намена кои се утврдуваат само при вклопување на градби кои стекнале правен статус согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти*

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 30%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
Основната класа на намени А2 – Домување во станбени згради се дополнува со следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- **Б5 – Хотелски комплекси** до максимум 15%,
- **Б1 – Мали комерцијални и деловни намени** до максимално 20%,
- **Б2 – Големи трговски единици** до максимално 30%,
- **Б4 – Деловни простории** до максимално 20%,
- **В3 – Култура** до максимално 40%,
- **В4 – Државни институции** до максимално 10%,
- **Д3 – Спорт и рекреација** до максимално 40%,

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 40%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Со предметниот Детален урбанистички план, утврдени се и следните групи на класа на намена, односно основни класи на намена:

Инфраструктура - група на класа на намени Е:

- Комунална инфраструктура - основна класа на намена **Е1;**

За нив, во рамките на планскиот опфат, предмет на овој Детален урбанистички план, не се предвидува компатибилна класа на намена.

5.7. Градежни линии и помошни градежни линии

Согласно член 34 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.

Согласно мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион бр. 28-7290/2 од 09.10.2020 година, доставено со допис од Министерството за култура бр. 28-7290/3 од 19.10.2020 година, не се дозволуваат пречекорувања надвор од границите на површината за градење.

Во планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план, градежната линија за сите видови на градби е на различно растојание од регулационата линијата и од линијата на градежните парцели. Во Деталниот урбанистички план употребена е и помошна градежна линија како ознака за промена на висина во рамките на површината за градење.

5.8. Површини за градење

Согласно член 37 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите. Површината за градење е дефинирана во рамките на една градежна парцела и не може да се протега низ две или повеќе градежни парцели, односно во една градежна парцела по правило треба да има една површина за градење во која може да се гради само една градба.

Согласно член 38 од цитираниот Правилник доколку во Деталниот урбанистички план утврдената површина за градење во една градежна парцела не ја опфаќа постојната градба во парцелата, искористувањето на правото на градење на површината за градење е условено со рушење и отстранување на постојната градба. Доколку површината за градење опфаќа повеќе од 50% од површината на основата на приземниот спрат на постојната градба во парцелата, искористувањето на правото на градење не е условено.

Согласно мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион бр. 28-7290/2 од 09.10.2020 година, доставено со допис од Министерството за култура бр. 28-7290/3 од 19.10.2020 година, не се дозволуваат пречекорувања надвор од границите на површината за градење.

Задолжително да се почитува член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) во врска со односот помеѓу растојанието на градежната површина и границата на градежната парцела и типот и ограничувањата на отворите на ѕидовите.

Понатамошната разработката на градежните парцели треба да биде со Основен проект.

5.9. Максимална височина на градбите и катност

Согласно член 41 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) плански одредби за ограничување на височината на градбите во урбанистичкиот план се висинска кота на тротоар или пристапна сообраќајница, височина на приземна или нулта плоча, максимална височина на градбата, максимален број на спратови, максимална височина на кровната конструкција и правила на градење над максималната височина на градбата.

Висинската кота на тротоарот се уредува во нивелманскиот план кој е графички прилог на урбанистичкиот план и се изразува како кота на надморска височина.

Максималната височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикална рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија или дозволеното пречекорување. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела и притоа се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.

Согласно мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион бр. 28-7290/2 од 09.10.2020 година, доставено со допис од Министерството за култура бр. 28-7290/3 од 19.10.2020 година, не се дозволуваат пречекорувања надвор од границите на површината за градење.

Максималната височина на градбата се формулира како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектна документација се докаже дека се исполнети услови утврдени со планот за достигнување на максимална височина на градбата, која често се однесува на обезбедување на потребен број на паркинг места согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Согласно член 44 на цитираниот Правилник, при одредување на максималната височина на градбата се почитуваат стечените права од важечките урбанистички планови.

Дополнително, согласно дописот од општина Охрид, бр. 19-2929/1 од 10.03.2020 година, а во врска со Планот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029), донесен од Влада на Република Македонија на седница

одржана на 21.02.2020 година (Сл. Весник на РМ бр.45/20), почитувани се пропишаните заштитни мерки во однос на максималната висина на градбите во рамките на предметниот плански опфат. Имено, согласно зонирањето на градот Охрид утврдено во Планот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029), предметниот плански опфат се наоѓа во т.н. втора урбана зона, во која, маскималната висина на ново-планираните градби е ограничена на П+3.

Од тука, во планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план, максималната височина на градбите со намена А1 – домување во станбени куќи е 10,2м со катност од П+2+Пк, додека за градбите со намена А2 – домување во станбени згради е 13,2м и катност П+3. Икслучок е градежната парцела 2.2.2, која има катност П+4, утврдена со предходна планска документација (ЛУПД за ГП 5.3, УЗ 2, УБ 2.2 на кп 16550, КО Охрид – Општина Охрид, Одлука бр. 07-1257/37 од 01.06.2010 година).

Согласно член 42, став 7 од цитираниот Правилник, најмала спратна височина со која се пресметува бројот на катови, мерено од плоча до плоча за домување е 2,90м, а за деловна дејност 3,40 м.

Максималната височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот од страна на пристапната улица или котата на средната точка на оската на градежната парцела, за градбите со група на класа на намена А – домување или мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето треба да е максимум 1,20м. Максималната височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот за сите градби кај кои градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, а намената на градбите е Б1, Б2 и Б3 треба да е 15см.

Поместување на нултата плоча не може да се врши под котата на тротоарот.

Максимална височина на слеме е планска одредба која ја претставува највисоката точка на кровната конструкција или највисоката хоризонтална линија на пресекот на накривените рамнини што го формираат покривот. Височината на слемето се одредува и мери од котата на горниот, односно завршниот венец на градбата.

При изработката на основните проекти за одделните градежни парцели од предметниот плански опфат, да се почитуваат членовите 46 и 47 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), а во врска со дозволената височина на слемето, можностите за формирање на различни типови на покриви и дозволените одстапувања од силуетата на кровот.

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите во планскиот отфат:

- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикали комуникации и сите техничко- технолошки инсталации и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

Овие одстапувања од дозволената силуета на покривот не смее да надминат повеќе од 60% од должината на секоја фасада одделно. При калканско спојување на соседни градби, не е дозволено нивно поставување на растојание помало од 10% од должината на фасадите кон лицето и дното на градежните парцели, во однос на границата на соседната градежна парцела.

5.10. Процент на изграденост

Согласно член 49 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16), процентот на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Тој се пресемтува како однос помеѓу површината на земјиштето под градба и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со процент.

Во површина под градба се подразбира површина ограничена со надворешни ѕидови и столбови на градбата во висина на приземна плоча без надворешни тераси, скали, рампи, патеки и сл.

Дополнително, согласно дописот од општина Охрид, бр. 19-2929/1 од 10.03.2020 година, а во врска со Планот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029), донесен од Влада на Република Македонија на седница одржана на 21.02.2020 година (Сл. Весник на РМ бр.45/20), почитувани се пропишаните заштитни мерки во однос на максималната висина на градбите во рамките на предметниот плански опфат. Имено, согласно зонирањето на градот Охрид утврдено во Планот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029), предметниот плански опфат се наоѓа во т.н. втора урбана зона, во која, процентот на изграденост на ново-планираните градби е ограничен на 50%.

Во планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план оваа планска одредба за ниедна ново-планирана градба не надминува маскимални 50,00%. Икслучок е градежната парцела 2.2.2, која има процент на изграденост од 63,2%, утврдена со предходна планска документација (ЛУПД за ГП 5.3, УЗ 2, УБ 2.2 на кп 16550, КО Охрид – Општина Охрид, Одлука бр. 07-1257/37 од 01.06.2010 година).

5.11. Коефициент на искористеност

Согласно член 50 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), коефициентот на искористеност на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Коефициентот на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна површина се сметаат површините на сите надземни катови изградени од нулта плоча.

Во планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план оваа планска одредба се движи до 3,22 за градби со намена А2 – Домување во станбени згради односно до 2,00 за градби со намена А1 – Домување во станбени куќи.

5.12. Сообраќајна инфраструктура

Освен обезбедување на архитектонско-урбанистички параметри за градба, планскиот концепт се потпира и на предвидената квалитетна инфраструктура за динамичкиот и стационарниот сообраќај.

5.12.1 Динамички сообраќај

Со планските решенија на предметниот Детален урбанистички план се планира реализација на сообраќајната мрежа согласно стандардите и нормативите пропишани во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15,

222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Подолу е даден преглед на планираните сообраќајници:

- **Сервисната улица** - "Партизанска" е улица која согласно важечкиот ГУП за град Охрид, плански период 2002-2012 (Одлука бр.07-1438/2 од 30.06.2006год.) е планирана како сервисна улица со регулациона широчина од 17,5м.
  Со предметниот Детален урбанистички план целосно е преземена планираната регулациона широчина. Од оваа улица е дозволен пристап во градежните парцели согласно член 63 став (5) од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18);
- **Сервисна улица** – "Јане Сандански" е улица која согласно важечкиот ГУП за град Охрид, плански период 2002-2012 (Одлука бр.07-1438/2 од 30.06.2006год.) е планирана како сервисна улица со регулациона широчина од 13,05м. Со предметниот Детален урбанистички план целосно е преземена планираната регулациона широчина. Од оваа улица е дозволен пристап во градежните парцели согласно член 63 став (5) од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18);
